СЕКУЛАРИЗМОТ И РЕЛИГИЈАТА | „KAWASAKI KI-45“ | СТО ГОДИНИ ОД АЕРОКЛУБОТ ВО СКОПЈЕ | ТЕНКОВСКИ МУЗЕЈ „PAROLA“

# ШТИТ

Број 168
октомври 2023

ISSN 1857-6710

9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

## Воените хеликоптери дел од јубулејниот аеромитинг на „Стенковец“






# Промоција во прв подоф
# заклетва на профес

Во касарната „Алексо Демниевски Бауман“ во Велес се одржа промоција во прв подофицерски чин – водник на 120 припадници на Армијата, меѓу кои имаше и четири девојки. Воедно, свечена заклетва дадоа 150 професионални војници, меѓу кои и 14 жени. На свеченоста присуствуваше министерката за одбрана Славјанка Петровска, ЗНГШ на АРМ, генерал-мајор Азим Нуредин, началникот на Штабот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, претставници од Командата за обука и доктрини и од Центарот за индивидуална обука, претставници на Армијата и од МО, од Кабинетот на претседателот, голем број родители, роднини и пријатели на новопроизведените подофицери и професионални војници. Честитајќи им го првиот подофицерски чин, а на професионалните војници свечено дадената заклетва, министерката за одбрана Славјанка Петровска потенцираше дека војничката професија претставува истовремено и огромна жртва, но и огромна чест. „Да се носи униформа на земја членка на НАТО е дополнителна одговорност, но и исклучителна привилегија за чие остварување се залагаа сите претходни министри, претседатели на државата, началници на ГШ и сите ваши колеги од осамостојувањето до денес, за што во името на Министерството за одбрана им искажувам посебна благодарност. Ви благодарам и ви честитам на сите вас што нè правите горди како нација и институција и што сте поттик и инспирација да продолжиме да се соочуваме со предизвиците на времето во кое живееме и со новата безбедносна архитектура“, потенцираше министерката Петровска. Таа рече оти е вистина дека секоја генерација има своја борба. Но и вистина е дека изминативе неколку години се време на најголеми предизвици со кои се соочил светот во последните 70 години. „Токму затоа КОД е клучната карика преку која новите војници се надоврзуваат на Армијата. Процесот на обука тука е само првото скалило кое овозможува влез во војничката кариера, но личното унапредување и усовршување никогаш не треба да запрат. Како



# фицерски чин и свечена сионалните војници

што се менуваат предизвиците во светот во кој живееме, така и ние се менуваме и се приспособуваме. Тоа ѝ дава поткрепа на нашата лична отпорност. А, градењето на отпорност како една од клучните концепти на НАТО, секогаш треба да започне со личен пример. Нашата подготвеност брзо, ефикасно и одлучно да реагираме на секоја ситуација ја покажува и нашата подготвеност да ги одбраниме вредностите кои ги споделуваме и да ги заштитиме државата и нашите граѓани. И токму затоа, покрај сите предизвици со кои е соочено нашето општество, како министерка секогаш давам дополнителни напори за унапредување на Армијата како целина и на квалитетот на живот на секој поединец во неа“, потенцираше министерката Петровска. Министерката за одбрана додаде дека процесот на обука беше само почеток, а вистинските предизвици допрва доаѓаат и дека воопшто не се сомнева дека ќе успеат да ги надминат. Свеченото промовирање  во прв подофицерски чин и свечената заклетва на професионалните војници им го честиташе и заменик-началникот на ГШ на АРМ генерал-мајор Азим Нуредин, кој  посебно им оддаде признание на тројцата најдобро рангирани подофицери за нивното залагање и постигнатиот успех. За најдобар подофицер беше прогласен  водник Димче Вакадински, кој во своето обраќање од свечената говорница истакна дека дошле 120 и си ветиле братски едни на други и со голема иницијатива да завршат 120. „Токму тоа и го оствaривме. Научивме да станеме и кога ни беше најтешко,да бидеме пред другите, бидејќи бевме колектив кој изгради голем соживот. Чекоревме храбро и чесно, заедно со тимот инструктори и дење и ноќе, и токму затоа успеавме да ја постигнеме оваа наша цел, означена со кохезија, тактичност и држење еден до друг, бидејќи станавме лидери. Затоа од денес нашата Армија е горда и побогата со 120 високо обучени НАТО подофицери. Не сум само јас најдобар, најдобри сме сите заедно“, порача прворангираниот подофицер, водникот Димче Вакадински.

А.Д.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Алексанар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит



08
**Форум за културна дипломатија**



20
**Фемицид – необјавена војна врз жените во Европа**

# содржина

ШТИТ | година XV | број 168 | октомври 2023

ИНФО
**„Родовата еднаквост и еманципација на жените“** ........ 9

НАТО активности
**НАТО систем за одбрана од балистички проектили** ........ 12

Мисии
**Под знамето на ОН**
**Заштита на цивилното население во мировните операции (3)** ........ 14

Глобал
**Секуларизмот и практикувањето на религијата** ........ 16

Низ воената историја
**Генерали кои ја извојуваа победата во операцијата „Оверлорд“ во Втората светска војна** ........ 23

Воена едукација
**Подемот на националните држави и професионалните вооружени сили** ........ 26

Вооружување
**„VBTP-MR Guarani“**
**6x6 - оклопно возило на тркала на бразилската армија** ........ 36

**Катана**
**Самурајски меч со духот на Јапонија** ........ 39

**„2S22 Bohdana“** ........ 42

Аеродневник
**Сто години од аероклубот во Скопје (2)** ........ 48

Воени музеи
**Тенковски музеј „PAROLA“** ........ 50

Незадолжително
**Пред мене се големи можности** ........ 52

Уметниците и војната
**Антон (Тоне) Краљ**
**Словенечки сликар на бунтот против тоталитаризмот** ........ 54



32
**„TPz Fucks“ 6x6 – германски амфибиски оклопен транспортер**



34
**Авион „Boeing KC-767“**

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

# *100 години македонска авијација*

*На 16 септември на спортскиот аеродром „Стенковец“ се одржа аеромитинг во организација на Аероклубот „Скопје“, се кој се одбележаа јубилејни 100 години од почетоците на македонската авијација. Многубројните посетители имаа несекојдневна можност да ги проследат акробациите и да се запознаат со перформансите на различни видови воздухоплови од земјава и од странство, меѓу кои беа и армиските хеликоптери од воздухопловниот Винг на нашата Армија. Беше изведено акробатско летање со авиони, прелети во група и низок прелет на патнички авион. На македонското небо, падобранците го развеаја најголемото државно знаме досега, а едриличарите реализираа интересни акробации. На аеромитингот, посетителите имаа уникатна можност да го видат првиот македонски воздухоплов „Илинденка“ дизајниран и произведен во нашата држава од членови на аероклубот од Скопје. „Илинденка“ е произведена токму овде во нашата држава во фабриката „20 мај“ во Скопје. Првиот лет со едрилицата „Илинденка“ е изведен во 1955 година, а ќе остане запаметена по своето учество на Светското едриличарско првенство во Полска во 1958 година, како дел од тогашната репрезентација на СФР Југославија. Од тогаш до денес овој воздухоплов беше во Военотехничкиот музеј во Белград и благодарение на одличните односи што ги имаме со Република Србија, овој воздухоплов е донесен во Скопје, каде што му е и местото. Специјални гости на настанот беа авионите на воздушните сили на Србија, Италија и Грција кои имаа свои изведби. На настанот присуствуваа премиерот Димитар Ковачевски, министерот за надворешни работи на Република Србија, Ивица Дачиќ, амбасадорот на Италија во Република Северна Македонија, Андреа Силвестри, претставници од Аероклубот Скопје, Дејан Саздовски и Јане Стефанов и други високи гости.*

*Премиерот  Ковачевски во своето обраќање потсети на почетоците на формирањето на аероклубот во Скопје во далечната 1923 година и  дека нашата авијација од тогаш до денес, поминала низ многу предизвици, поминувајќи преку разни општествени прилики, општествени уредувања, војни, кризи и непогоди, истакнувајќи дека со упорноста и големата верба во сопствените квалитети македонската авијација успеа да ги надмине предизвиците и да добие епитети на почит и уважување.*

*Кон овој број на „Штит“ сакам да нагласам дека во нашето списание веќе подолг временски период објавуваме интересни текстови поврзани токму со историјата на македонската авијација. Автор на овие написи е господинот Ѓорѓи Чачкиров, пензиониран македонски пилот и посветен хроничар на историјата на македонското воздухопловство, кој  целиот свој професионален век го посветил  на унапредувањето на военото и цивилното воздухопловство во нашата држава. Во минатиот број и во овој број на „Штит“, токму по повод големиот јубилеј „100 години македонска авијација“, имате можност во детали да прочитате за историјата на аероклубот во Скопје. Текстовите на Ѓорѓи Чачкиров, како и фотографиите од неговата лична фотозбирка кои се објавени во магазинот „Штит“, ќе останат трајно сведоштво за една интересна и богата со настани историја на македонската авијација.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk







# Претседавачот на ВК на НАТО во официјална посета на Армијата и Министерството за одбрана

Адмиралот Роб Бауер, претседавач на Воениот комитет на НАТО, оствари официјална посета на Армијата и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија. По пречекот со високи воени почести, адмиралот Бауер оствари средби со својот домаќин, началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и со министерката за одбрана, Славјанка Петровска. За време на средбата помеѓу генералите Ѓурчиновски и Бауер се разговараше за актуелни теми поврзани со нашето учество во активностите и операциите на НАТО, за активностите на Армијата, трансформацијата и опремувањето, како и за други аспекти кои се однесуваат на заедничката безбедносна политика кои произлегуваат од заклучоците на состаноците на Воениот комитет на НАТО. На заедничкиот состанок беа презентирани плановите и развојот на способностите на Армијата на Република Северна Македонија, процесот на трансформација и опремување, како и учеството на Армијата во операциите и вежбовните активности. Од страна на генералот Ѓурчиновски беше истакнато дека ГШ и Армијата успешно ги реализираат сите приоритети кои се однесуваат на исполнување на стандардите и достигнувањето на целите на способности во предвидената динамика. „Во периодот од следните десет години сме насочени кон изградба на мобилни, одржливи и соодветно опремени единици, способни за брзо распоредување, одржливост на капацитетите кои се однесуваат на персоналот, опремата и инфраструктурата, модернизација и опремување во согласност со утврдените приоритети“, истакна генералот Ѓурчиновски. Министерката Петровска, на прес-конференцијата со адмиралот Бауер и генералот Ѓурчиновски истакна дека државата е активен сојузник кој ја зацврстува колективната безбедност, посветено работи на развој на своите капацитети и цврсто верува во единството и кохезијата во Алијансата. „Ако има нешто во кое веруваме целосно и за кое се бориме бескомпромисно, тоа е нашето единство и кохезија кон Алијансата. Ние сме 31. земја членка која во еден глас вели – нема компромис за безбедноста, сигурноста и стабилноста на секоја педа сојузничка територија, и за граѓаните на нашите држави, а тоа се над една милијарда луѓе во светот. Северна Македонија покажа и докажа како изгледа еден посветен сојузник“, рече министерката.

Началникот на Генералштабот, генералот Ѓурчиновски, информираше дека со највисокиот воен претставник на НАТО разговарал за тековните развојни процеси во одбраната, за реформите и трансформацијата, за учеството во операции и за приоритетите во наредната декада. Од страна на адмиралот Роб Бауер, на прес-конференцијата се искажаа пофални зборови за нашата посветеност во колективниот систем на обрана на НАТО. „За само три години постигнавте импресивно ниво на воена интеграција во НАТО, приспособувајќи ги вашите структури и сили на потребите и барањата на НАТО, како и зголемување на вашата интероперабилност. Најавивте темелна ревизија на вашата стратегија за национална безбедност, за да може да биде повеќе во согласност со Стратешкиот концепт на НАТО. Ова ќе овозможи уште поголемо усогласување на нашето одбранбено планирање и на нашите заеднички одговори“, истакна Бауер. Бауер ја посети и касарната „Илинден“, каде присуствуваше на дел од предвидените активности на Баталјонот на специјални сили и Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, каде одржа предавање пред припадниците на Генералштабот и на Воената академија.



# Посета на министерката за одбрана на Португалија

Министерката за одбрана на Португалија, Марија Хелена Кареирас, беше во официјална посета на Р.С. Македонија. Во рамки на посетата таа оствари средба со министерката за одбрана на Северна Македонија, Славјанка Петровска, при што беше потпишан првиот Договор за билатерална соработка во одбраната помеѓу двете земји, договор со којшто ќе се интензивира македонско-португалската одбранбена соработка. Министерките Петровска и Кареирас на заедничка прес-конференција порачаа дека Договорот е камен-темелник на развојот на билатералните односи и дека со него ќе се зацврсти колективната одбрана во НАТО. „Денеска е важен ден за нашите држави и за нашата соработка, бидејќи за прв пат потпишавме Договор за билатерална соработка во одбраната помеѓу сојузничките Северна Македонија и Португалија, и со тоа покажавме дека НАТО значи и посилна одбранбена соработка, затоа што имаме заедничка, единствена цел“, рече министерката Петровска. Таа информираше за областите опфатени со Договорот, како интензивирањето на консултациите во доменот на безбедносната политика, мировните операции, заедничката обука и едукација, како и активностите за заштитата на животната средина. Дел од Договорот се и родовите прашања во одбраната и безбедноста. „Како жени-лидери во одбраната ја разбираме потребата за целосно вклучување на потенцијалот на жените во областа на безбедноста – но, не како бројка, туку како можност за додадена вредност и квалитет во актуелната безбедносна архитектура“, потенцираше министерката. Министерката Петровска се осврна и на предвидената соработка во доменот на сајбер-безбедноста за која рече дека е исклучително важен сегмент, имајќи предвид дека покрај конвенционалната руска агресија врз Украина, сите земји се соочуваат со обиди за нарушување на општественото живеење кои се од хибриден карактер. Министерката Кареирас порача дека Договорот за одбранбена соработка ја реафирмира идејата дека заедничките цели во безбедноста и одбраната можат да се постигнат единствено преку зајакнување на Алијансата. Кареирас се заблагодари за учеството на Северна Македонија во мисијата КФОР на Косово и на мутинационалните сили на источното крило на НАТО, вклучувајќи го и заедничкото учество во силите на НАТО во Романија.

Португалската министерка за одбрана ја реафирмираше поддршката од Португалија за членство на Северна Македонија во Европската Унија. „За време на нашиот разговор имав можност уште еднаш да ја истакнам значајната улога што Португалија ѝ ја придава на идното пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, што ќе го зајакне европскиот проект и ќе придонесе за стабилноста на Балканскиот регион“, потенцираше Кареирас.

Во рамки на посетата, министерката Кареирас ги посети Командата и штабот на 1.пешадиска бригада и Центарот за обука на пилоти во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец. Министерката Кареирас,  беше пречекана од страна на командантот на 1.пбр, бригаден генерал Сашко Лафчиски и командантот на воздухопловниот ВИНГ, полковник Игорчо Стоименовски. Во рамките на посетата, беше реализиран брифинг за: мисијата на единицата, формациската поставеност, можностите и капацитетите, опремата со која располага, процесот на модернизација, постигнатите НАТО цели на способности, а воедно беше реализирана и обиколка на Центарот за обука на пилоти.




# Форум за културна дипломатија

Министерката за одбрана Славјанка Петровска учествуваше на панел-дискусијата на тема „Промовирање на демократијата, единството и мирот преку културна дипломатија во новата ера на конфликти и насилство“. Панел-дискусијата поддржана од Министерството за одбрана се одржува во рамките на Светскиот форум за демократија и мир, како петгодишен проект на Институтот за културна дипломатија. Дел од овој Форум се поранешни претседатели на држави и премиери од Западниот Балкан и Југоисточна Европа, министер од Авганистан, како и професори од Институтот за културна дипломатија, поранешни пратеници во Европскиот парламент и собранијата на земјите од регионот.

Во своето обраќање министерката Петровска се осврна на моменталната безбедносна состојба во Европа која е нарушена со бруталната руска агресија врз Украина и позицијата и искуството на Северна Македонија во градењето на функционална, стабилна и мултиетничка демократија која практицира европски вредности. „Предизвиците кои се пред нас, дали тоа е вооружен конфликт, хуманитарни кризи или природни непогоди, се комплексни и застрашувачки, а одговорот на овие предизвици е реафирмирањето на нашата заложба да бидеме единствени и да работиме заедно“, рече министерката.

Министерката Петровска додаде дека како земја членка на НАТО, но и водејќи се од сопствените одлуки и заложби, Северна Македонија е посветена на колективната безбедност на Алијансата, како и на поддршката на Украина како европска демократија која има целосно право да ја одбрани својата независност и сувереност. „Алијансата е посилна и пообединета од кога било досега во зацврстувањето на колективната безбедност, како гаранција за сигурноста на НАТО и граѓаните на земјите членки“, подвлече министерката.

Во контекст на културната дипломатија, министерката Петровска истакна дека таа ги надминува политичките бариери и дека ни овозможува да се обединиме како човештво. Петровска се осврна на историјата и научените лекции во 32-годишната независност на нашата држава – осамостојувањето на мирен начин, потпишувањето на Охридскиот и на Преспанскиот договор за креирање на мултиетничка демократија и за продолжување на патот кон интеграцијата во НАТО, како и на потребата за преземање на следниот чекор кој ќе го отвори патот кон продолжување на интеграцијата во Европската Унија. „Сите ние кои сме присутни, за време на нашето работно искуство и кариера научивме дека решавањето на тешките прашања побаруваат тешки одлуки кои се важен политички чекор кој гледа кон иднината наместо кон минатото, чекор кој нè води кон подобро утре за следните генерации. Тоа за мене е вистински патриотизам“, заклучи министерката.

По обраќањето на министерката, панел-дискусијата продолжи со излагања на панелистите, меѓу кои и Елмар Брок, поранешен претседавач на Комитетот за надворешни работи во Европскиот парламент, Наталија Гаврилита, поранешна премиерка на Молдавија, Мохамед Ханиф Атмар, поранешен министер за надворешни работи на Авганистан, Хасан Диаб, поранешен премиер на Либан и Фиона О'Луглин, членка на ирскиот Сенат.

Во своето излагање Елмар Брок се осврна на европската идеја и важноста на политиката за проширување и на потребата од зголемување на ефикасноста во донесувањето на одлуки во ЕУ. Поранешната премиерка на Молдавија, Гаврилита, пак, говореше за молдавското искуство во однос на руската инвазија на Украина, а поранешниот либански премиер Диаб се осврна на важноста на високото образование за развој на толеранција, инклузивност и културен диверзивитет кај следните генерации.




# „Родовата еднаквост и еманципација на жените“

Министерката за одбрана Славјанка Петровска учествуваше на првата работна сесија во рамките на конференцијата организирана од македонското претседавање со ОБСЕ, посветена на „Родовата еднаквост и еманципација на жените“, која се одржа во Тетово. Целта на првата работна сесија насловена „Жени, мир и безбедност: зацврстување на вклученоста и лидерството на жените за инклузивно градење на мирот и менаџирање на конфликти“ беше преку размена на искуства на жени-лидери и жени кои се дел од академската заедница да се укаже на важноста и начините за надминување на бариерите во вклучувањето на женската перспектива во превенцијата на конфликтите, кризниот менаџмент и активностите за надминување на конфликти. Во своето обраќање, министерката Петровска се осврна на унапредувањето на вклученоста и лидерството на жените во градењето на мирот и менаџирањето на конфликтите. Таа потсети дека Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ООН побарува вклучување на жените во сите области на градење на мирот и превенција на конфликти и порача дека без придонесот на жените не е можен одржлив мир и безбедност. „Жените имаат многу важна улога, учествуваат во мировни преговори и во процесите на донесување одлуки. И, тука не зборуваме за бројки, туку за клучни вредности и квалитет. Зборуваме за градење и позиционирање на жени-лидери кои го користат својот интелект, вештини и потенцијал за градење на одржлив мир“, рече министерката. Таа порача дека клучната карактеристика на жените-лидери е нивната храброст и додаде дека тоа е нешто што можеме да го видиме секој ден преку храбрата борба на украинските жени, цивили и во униформа, за слободата на нивната земја и безбедноста на украинскиот народ. Министерката Петровска подвлече дека не смееме да дозволиме жени-професионалци во своите области, кои работат неуморно и посветено, да останат незабележани и дека мораме да работиме посветено за женското лидерство да биде составен и неразделен дел од современата безбедносна архитектура. Во однос на местото и улогата на жените во Северна Македонија, министерката Петровска посочи дека ѝ претставува чест што води едно од покомплексните министерства – Министерството за одбрана и дека тоа треба да биде уште една гласна порака за сите млади жени да веруваат во себе и да изберат да бидат дел од одбранбениот сектор, зашто жените навистина можат да направат многу во полето на одбраната. „Во Северна Македонија, препознавањето на ова општествено прашање и силната посветеност на политичките чинители нè доведоа до денешните над 40% жени во македонското Собрание. Ни треба и повеќе жени-министерки во Владата. Како министерка за одбрана повеќе од една година, не можам да бидам задоволна ако не видам повеќе жени на лидерски позиции и затоа ние, жените-лидери, мора да мотивираме и да поттикнеме повеќе жени да бидат успешни“, рече Петровска. Министерката додаде дека во Министерството континуирано се работи на развој на културата за родова еднаквост и родова перспектива и порача дека резултатите се видливи – на последниот конкурс за прием на питомци на Воената академија, од 35 примени питомци, 14 се жени. Таа, исто така, порача дека Министерството е посветено на соработката со невладиниот сектор на ова поле. Пред панелот на кој учествуваа истакнати жени од академската заедница, преку видеоконференциска врска се вклучи и Катерина Левченко, владин комесар за родова еднаквост на Украина, говореше и Елиса Фернандез, заменичка-регионален директор за Европа и Централна Азија на UN Women, која се ѝ се заблагодари на Северна Македонија за организирањето на конференцијата. Фернандез порача дека вклучувањето на жените во градењето на мирот е од витално значење за еден одржлив свет. Таа посочи неколку препораки, како поддршката за невладиниот сектор во оваа област, стабилното финансирање на активностите и зголемувањето на вклученоста на жените во процесот на донесување одлуки.

Алумни-асоцијацијата на Центарот „Џорџ Маршал“ од Р.С. Македонија и оваа година, по единаесетти пат, организираше успешен Безбедносен форум во Охрид на кој учествуваа голем број експерти и претставници на академската фела, како од земјата така и од регионот и пошироко



# „НАТО и безбедносната соработка во Западен Балкан – предизвици и научени лекции“

Безбедносниот форум во организација на Алумни-асоцијацијата на „Маршал центарот“ на Северна Македонија и спонзорство од алумни-програмите на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ Маршал“ од Германија и Одделот за јавна дипломатија на НАТО имаше цел размена на искуства и на идеи за зголемена безбедност и справување со безбедносните предизвици и закани во регионот и пошироко. Во фокусот на овогодинешната агенда на Форумот беше „НАТО и безбедносната соработка во Западен Балкан – предизвици и научени лекции“.

На отворањето на Форумот се обратија државниот секретар во Министерството за одбрана на Северна Македонија Владимир Анчев и директорот на Центарот „Џорџ Маршал“, пензионираниот генерал-мајор Бери Сигвин. Државниот секретар Владимир Анчев во своето обраќање потенцираше дека безбедносните закани повеќе не се само конвенционални, туку се комбинирани со хибридни алатки и методи, комбинирајќи воени и невоени инструменти на моќ, злоупотреба на вештачка интелигенција, сајбер-напади или дезинформации, храна, енергија или економски фактори како предизвикувачи на конфликти. Во овој контекст, државниот секретар Анчев нагласи дека сите земји од Евроатлантската област се соочуваат речиси со исти закани и предизвици. Анчев се осврна и на придобивките од членството на Северна Македонија во НАТО, во контекст на безбедноста и стабилноста на регионот, како и на стратешката важност на процесот за интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската Унија и влијанието на војната во Украина во Европа. Директорот на Центарот „Џорџ Маршал“, генералот Бери Сигвин, во своето обраќање, меѓу другото, нагласи дека оваа година Центарот „Џорџ Маршал“ од Гармишпартенкирхен во Германија, одбележува јубилејни 30 години од своето формирање и дека соработката со Министерството за одбрана на Р.С. Македонија и активностите на Алумни-асоцијацијата од Република Северна Македонија се мошне значајни и препознатливи во рамките на Центарот.

Во контекст на главната тема на Форумот беа организирани неколку панели на кои свои излагања има голем број експерти, претставници на институции од земјите од регионот, како и еминентни професори. Се дискутираше за безбедносните предизвици и безбедносната соработка на земјите од Западен Балкан во услови на изменета безбедносна архитектура, за улогата на големите сили, за војната во Украина, за новиот стратешки концепт на НАТО, за енергетската безбедност, како и за заштитата на критичната инфраструктура и класифицираните информации.

Клучни препораки произлезени од овогодинешниот Безбедносен форум беа дека земјите од регионот треба да ја зајакнат соработката, бидејќи се соочуваат со исти безбедносни предизвици, како и што поскоро сите да ги завршат евроатлантските интеграции и да станат дел од колективното членство. Регионалните програми и курсеви што ги нуди Центарот „Џорџ Маршал“ претставуваат добра можност за развој и унапредување на регионалната безбедносна соработка и се патоказ за правилна насока кон остварувањето на стратешките цели на нашата држава и на државите од регионот на Западен Балкан.

Ж. Р.

Во кумановската касарна „Боро Менков“ со воена свеченост и во присуство на многубројни гости беше одбележано примопредавањето на должноста претседавач на Политичко-воениот управувачки комитет и координативен комитет на SEDM, примопредавање на должноста командант на Бригадата на Југоисточна Европа SEEBRIG и одбележувањето на 24-годишнината од формирањето на Бригадата



# Примопредавање на должности во SEEBRIG

На свеченоста на примопредавањето на должностите присуствуваа началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заменикот-министер за одбрана Тирон Јаѓага и други високи претставници од Армијата и Министерството за одбрана, претставници на дипломатскиот кор, како и претставници од локалната самоуправа и граѓани на Куманово. Претседавањето со Политичко-воениот управувачки комитет и координативен комитет на SEDM го презеде државниот секретар и шеф на Секторот за одбранбена политика, планирање и меѓународна соработка во романското Министерство за одбрана, Симона Којачару. Годинава се одбележуваат 27 години од основањето на процесот СЕДМ. Којачару кажа дека заеднички и одговорно може да се одговори на сите предизвици. Нејзиниот претходник, заменик-министерот за одбрана на Бугарија, Атанас Запријанов, ѝ посака успех на неговата наследничка и изрази уверување дека процесот успешно ќе се менаџира. Новиот командант на Бригадата на ЈИЕ, бригадниот генерал Билбил Битри од албанските вооружени сили, ја презеде должноста од досегашниот командант, бригаден генерал Евангелос Митруцикос.

На церемонијата се обрати заменик-министерот за одбрана Тирон Јаѓага, кој истакна дека 27 години СЕДМ и 24 години SEEBRIG се фактори за регионална стабилност и потврда дека заеднички можеме да одговориме на современите безбедносни предизвици. „СЕДМ е докажан форум за регионален дијалог и одличен формат за регионална безбедносна соработка. Промените на безбедносното опкружување, а особено со руската агресија врз Украина, сајбер-заканите, лажните вести, дезинформациите и елементарните непогоди и катастрофи, нѐ потсетуваат дека треба да размислуваме за развојна стратегија со цел да бидеме пофункционални во справувањето со овие предизвици. Денес одбележуваме три години откако штабот на SEEBRIG почна да работи во Куманово и сакам да истакнам дека ми претставува чест што ќе бидеме домаќини на Командата и наредните три години. Оваа обврска ние ја прифатиме одговорно. Досега ги реализиравме сите активности кои се однесуваат на поддршката на персоналот и членовите на нивните семејства и тоа ќе го правиме во иднина. Четириесеттина претставници од шест НАТО армии работат заедно и придонесуваат кон глобалниот мир и безбедност, а SEEBRIG е, и останува да биде инструмент на меѓусебно разбирање, соработка и продлабочување на довербата помеѓу Северна Македонија, Албанија, Бугарија, Грција, Романија и Турција“, истакна заменик-министерот Јаѓага. Тој им посака успех на романските претставници во преземањето на SEDM иницијативата во наредните две години и им се заблагодари на претставниците од Бугарија за досегашниот придонес, како и на досегашниот командант, а на новиот му посака успех во работата. Досегашниот командант, Митруцикос, рече дека 24 години SEEBRIG ја потвдува заедничката заложба за мир, соработка и поддршка при несреќи, непогоди и му посака успех на новиот командант, Битри, кој му се заблагодари на претходникот за успесите и кажа дека негова обврска останува SEEBRIG да биде инструмент за меѓусебно разбирање и соработка.

Откако пред три години Командата се смести во Куманово, мора да истакнеме дека се разви плодна соработка, поддршка и помош помеѓу Бригадата и градот Куманово. Припадниците на Бригадата учествуваа во еколошки акции, акции за пошумување и чистење на одредени локации. Несебична беше и нивната поддршка за време на ковид-пандемијата, кога донираа опрема за болницата и понудија поддршка за здравствените работници. Припадниците на Бригадата донираа и компјутери за учениците од централното училиште „Крсте Мисирков“. Според Договорот за формирање на Бригадата, локацијата на Командата на СЕЕБРИГ е на ротациона основа, а нејзини домаќини биле Пловдив, Констанца, Истанбул и Лариса. Република Северна Македонија е домаќин на Командата на Бригадата која е лоцирана во Куманово до 2026 година.

Александра Максимовска



# НАТО систем за одбрана од балистички проектили

Германија е домаќин на Командниот центар за одбрана од балистички проектили во воздухопловната база во Рамштајн, каде Соединетите Американски Држави придонесуваат за одбрана од балистички проектили, Турција е домаќин на сојузнички радар, Романија е домаќин на американска копнена локација (Aegis Ashore), Полска е домаќин на уште една таква локација, а Шпанија е домаќин на четири бродови „Aegis“, способни за одбрана од балистички проектили кога тоа е потребно. Неколку сојузници во моментов ги нудат своите системи за одбрана, како на пример од типот „Patriot“ (Ground-Based Air and Missile Defence Systems). Холандија и Данска најавија дека планираат да модернизираат фрегати за рано предупредување и воздушна одбрана како национален придонес во капацитетите на НАТО за балистички ракетен одбранбен систем. Програмата на Агенцијата за ракетна одбрана на Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави, развиена да обезбеди одбрана од балистички ракети со краток до среден дострел го вклучува балистичкиот ракетен одбранбен систем „Aegis“ (Aegis BMD), кој дејствува единствено од море. Тековните напори за распоредување на одбраната „Aegis“ биле започнати во средината на 1980-тите години како дел од иницијативата за стратешка одбрана на претседателот

НАТО програмата за одбрана од балистички проектили се заснова на заедничко финансирани проекти, доброволни национални придонеси, вклучително национално финансирани пресретнувачи и сензори (радари)

Роналд Реган. Програмата за балистичка ракетна одбрана е активирана во водите за одбрана на Европа од потенцијални балистички ракетни напади, на Пацификот и во Персискиот Залив, со цел да обезбеди регионалната одбрана од потенцијални напади со балистички ракети од Северна Кореја и од Иран. Тест-комплексот за ракетна одбрана во Хаваи е центарот за тестирање и евалуација што се користи во развојот на „Aegis Ashore“. Оваа програма е дел од националната стратегија за противракетна одбрана на Соединетите Држави и Европскиот систем за ракетна одбрана на НАТО. Постои и борбен систем „Aegis“, но системот „Aegis BMD“ е проширување и зајакнување на овој систем, распореден на воени бродови и дизајниран да пресретнува балистички ракети. Бродовите за балистичка ракетна одбрана патролираат, откриваат и следат балистички ракети од сите дострели, вклучувајќи ја и интерконтиненталната балистичка ракета. Овие системи базирани на море, како дел од системот за ракетна одбрана на Агенцијата за ракетна одбрана, се состојат од стандардни проектили, командни, контролни и комуникациски системи на морнарицата и заедничките сили. Дизајнирани се како целосен систем: елемент за лансирање на проектили со компјутерски програми и радар во целосно интегрирани системи и со заеднички приказ на дисплеите. Системот спроведува одбрана од балистички ракети со помош на пресретнувачи и стандардни проектили: „Standard Missile 3“, „Standard Missile 2“ и „Standard Missile 6“. Системот бил тестиран на 17 ноември 2020 година, во случај кога разурнувач опремен со систем за балистичка ракетна одбрана „Aegis BMD“ пресретнал и уништил цел на интерконтинентална балистичка ракета активирана во лет.

**Развој на системот**

Во текот на доцните 1990-ти, морнарицата на САД била задолжена да обезбеди систем за ракетна одбрана од балистички ракети. Оваа фаза била означена како програма „Aegis LEAP Intercept“. Почетен успех на „Aegis BMD“ била одлуката на претседателот Џорџ В. Буш да биде распореден капацитет за итни балистички



ракети до крајот на 2004 година. Со тоа развојот на системот и неговото тестирање биле забрзани, а првиот произведен блок „Standard Missile 3“ е испорачан во октомври 2004 година. Системот добил поголемо значење од претседателот Барак Обама во текот на 2009 година, кога ја објавил одлуката за укинување на плановите за ракетна одбранбена локација во Полска, во корист на системи за ракетна одбрана лоцирани на воените бродови на американската морнарица. Од страна на Русија биле поздравени плановите за ракетна одбрана на САД како помалку опасни, со можност за стационирање на вооружени американски воени бродови на Црното Море. После опремувањето на неколку бродови на американската морнарица со ракети „Standard Missile 3“, биле надополнети и можностите на системите „Patriot“, кои биле распоредени од американските единици.
Во 2020 година, разурнувач опремен со „Aegis BMD“ успешно пресретнал репрезентативна цел за интерконтинентална балистичка ракета со ракета „SM-3 Block IIA“, илустрирајќи како системот може да се користи во слоевита архитектура на ракетна одбрана. Почнувајќи од 2022 година, варијантите на системот „Aegis BMD“ кои моментално се во употреба, се подобрени верзии со напредни процесори и софтвер, со надградени варијанти на ракетата-пресретнувач „Standard Missile 3“, како и со радар од типот AN/SPY-6, стациониран на разурнувачите со интегрирани радари на „MIM-104 Patriot“ и на авионот „F-35 Lightning II“. Стандардниот проектил 3 е способен да пресретнува балистички ракети над атмосферата за време и во фаза на средината на летот на непријателска балистичка ракета. Ракетата е лансирана од системот за вертикално лансирање на воените бродови и истата добива ажурирања за целите при летот од бродот. Кинетичката боева глава на проектилот е дизајнирана да ја уништи боевата глава на балистичка ракета со голема кинетичка енергија при судир со неа. Постоечката верзија „SM-3 Block IA“ ќе биде надградена за да се спротивстави на идните закани од балистички ракети. Стандардниот проектил 2 дејствува против балистичките ракети во атмосферата, кога проектилите се наоѓаат во терминалната фаза на траекторијата. Стандардниот проектил 6 е проектил со двојна способност што може да се користи или за противвоздушна одбрана (т.е. за спротивставување на авиони и противбродски крстаречки ракети) или за терминална балистичка ракетна одбрана. Тој не е наменет да ја замени серијата на стандардниот проектил 2, туку ќе може да се употребуваат заедно со зголемена огнена моќ.
Од Самитот на НАТО во Велс во 2014 година, се развива и копнена компонента на системот за одбрана од балистички проектили (позната како Aegis Ashore). Првата локација која е прогласена за оперативна во 2016 година се наоѓа во Романија. Таа се состои од опрема што вообичаено се користи од морнарицата и истата е распоредена во објекти на копно. Вклучува радари „SPY-1“ и батерија од типот стандарден проектил 3. Плановите на администрацијата на Обама предвидуваат две локации, првата во Романија и втората во Полска, кои ќе ги добијат најновите верзии на софтверот „Aegis BMD“ и најновата верзија на стандардните проектили 3.
При крајот на 2017 година, кабинетот на Јапонија одобрил план за купување на два системи „Aegis Ashore“, со цел да се зголеми способноста за самоодбрана на Јапонија од крстаречки ракети на Северна Кореја. Подоцна, јапонскиот Совет за национална безбедност го потврдил откажувањето на планот. Во текот на 2022 година, јапонското Министерство за одбрана објави дека ќе управува со два бродови опремени со системот „Aegis“, за да го замени своето претходно откажување на програмата „Aegis Ashore“. На 6 октомври 2022 година, пет воени бродови од Соединетите Американски Држави, Јапонија и Јужна Кореја одржаа мултилатерална вежба во Јапонското Море за одбрана од балистички проектили, како дел од воениот одговор на тековните тестирања на севернокорејски балистички ракети со среден дострел. Можните распоредувања на „Aegis Ashore“ ја вклучуваат и американската поморска база во Гуам. Во текот на 2020 година, началникот на командата на американските сили во Индопацификот, побарал финансирање за изградба на систем на брегот во Гуам до 2026 година. Системот би се користел за одбрана на постоечките американски воени капацитети на Гуам и за обезбедување на офанзивни способности за прецизен удар во кој доминира Кина. Тој истакна дека кинеските подморници и бродовите во комбинација со балистички ракети претставуваат „закана од 360 степени“ за Гуам. Како идни способности кои е потребно да се развиваат и се од примарно значење за системот за ракетна одбрана од балистички проектили се: подолг дострел и посложени балистички ракети, зголемен број на бродови и проектили, вклучување повеќе поморски сојузници, како и хиперсонична ракетна одбрана во сите фази на летот.

Драган Павловски




# Под знамето на ОН
## Заштита на цивилното население во мировните операции (3)

Мандатот за една мировна операција на ОН е составен од правни и практични принципи кои произлегуваат од одредбите на Повелбата на ОН и меѓународното право. Одредбите на мандатот мора да бидат во согласност со Меѓународното хуманитарно право, Меѓународното право за човекови права и Меѓународното право за бегалци, како и со меѓународно прифатените стандарди

**Принципи кои се применуваат при имплементација на мисиите**

Одделот за мировни операции при ОН ги наведува следните принципи кои се применливи за сите мисии кои се однесуваат на заштитата на цивили (ЗЦ):

**1.** Во процесот на планирање и донесување одлуки, ЗЦ како примарна задача на мировните сили, има предност при доделувањето ресурси и користењето на расположливите капацитети и способности.

**2.** Владата на земјата домаќин секогаш има примарна одговорност да ги заштити цивилите на сопствената територија. Мандатот за ЗЦ на мировната мисија не ја ограничува или одзема таа одговорност. Иако мировните сили можат само да ги поддржат тие активности поврзани со ЗЦ на земјата домаќин, тие можат да дејствуваат самостојно и независно од владините институции на таа земја, со цел ЗЦ, кога се смета дека државата домаќин не може или не сака да го стори тоа или кога самите владини сили претставуваат закана за цивилите.

**3.** Мировните операции на ОН се водат од принципите на одржувањето на мирот (peacekeeping): согласност од страните во конфликтот, непристрасност и неупотреба на сила, освен во самоодбрана и одбрана на мандатот. ЗЦ мора  целосно да биде во согласност со овие принципи, вклучувајќи го и овластувањето за употреба на сила.

**4.** Активностите поврзани со ЗЦ мора да бидат планирани, правилно насочени и постојано актуелни. Сите компоненти на мисијата мора постојано да работат на спречување, превенирање и одговор на заканите за цивилите, вклучувајќи во тие активности дијалог и ангажман, присуство во подрачјата под најголема закана од физички напад, формирање и поддршка на капацитети за ЗЦ на земјата домаќин и друго.





**5.** За обезбедување ЗЦ неопходен е сеопфатен пристап кој вклучува заеднички планирани и координирани активности од страна на цивилните и униформираните компоненти на мисијата, врз основа на заедничка процена на заканите и редовно споделување на информациите. Во плановите, активностите, обуката и евалуацијата, заштитните активности мора да бидат вклучени и да имаат приоритет.

**6.** ЗЦ се врши во соработка со хуманитарните организации и со почитување на хуманитарните принципи. Добрата координација и споделувањето информации со овие „актери“, преку воспоставените механизми за соработка е од суштинско значење. Хуманитарните работници се потпираат на принципите на хуманост, неутралност, непристрасност и оперативна независност, за ефикасно и безбедно извршување на нивните мандати, па е неопходно да биде јасна разликата помеѓу нивната улога и улогата на политичките и воените „актери“, вклучително и на „Сините шлемови“.

**7.** При извршувањето на задачите поврзани со ЗЦ, пристапот мора да биде координиран. Многуте „актери“ кои придонесуваат кон ЗЦ во текот на мировната мисија, мора да ги земат предвид соодветните начини на ангажирање во однос на локалните, националните, регионалните и меѓународните „актери“ и систематски да ги споделуваат потребните информации.



**8.** Акциите, плановите и програмите за ЗЦ мора секогаш да се спроведуваат по консултации со локалната заедница, контакти со постарите лица, жените, младите луѓе, лицата со посебни потреби, етнички, верски и малцински групи, како и раселените популации, со цел да се земат предвид нивните мислења и потреби.

**9.** Имплементацијата на мисијата за ЗЦ мора да биде под ефективно лидерство, команда и контрола на политичките лидери и командантите во мировните мисии и во седиштето на ОН. Назначените одговорни лица имаат целосна одговорност за спроведување на мандатот за ЗЦ. Униформираните компоненти, командантот на силите и полицискиот комесар се одговорни за соодветна примена на Правилата за ангажирање (Rules of Engagement - ROE) и Директивите за употреба на сила (Directives on the Use of Force - DUF), а командантите на контингентите треба да обезбедат потполно разбирање и примена на доделените задачи од страна на сите кои се под нивна команда.

**10.** Особено внимание од страна на сите компоненти на мисијата, во нивните активности и ангажман, се посветува на грижата цивилите да не бидат изложени на опасност или да се предизвикува штета, вклучително и изложување на цивилите на можни одмазди заради соработката со мировниците. Неопходно е и да се почитува доверливоста на секоја корисна информација за идентификување на изворите. Случаите на прекршување или злоупотреба на човековите права мора да бидат следени врз основа на доверливи извори и процена дека откривањето на информациите нема да претставува ризик за жртвите и сведоците. При спроведување на воени и полициски операции мора да се преземаат сите мерки за минимизирање на евентуална штета на цивилите. Сексуалната експлоатација и злоупотреба се строго забранети и мора да се решат во согласност со соодветните процедури.

Тековни активности, во рамките на мандати за ЗЦ на мировните сили се:

- физичка заштита на стотици илјади внатрешно раселени лица во Јужен Судан;
- распоредување на дополнителен воен и цивилен персонал за обезбедување ЗЦ, следење на состојбата со прекршување на човековите права и создавање средина погодна за хуманитарна помош во Демократска Република Конго;
- развој на системи за рано предупредување, аранжмани за врски со заедницата, системи за информации и известување на јавноста.

За главни предизвици при спроведувањето на таквите мандати се наведени:

- извршување задачи за ЗЦ во тешки услови, со ограничени ресурси и области, каде што останатите „актери“ во ЗЦ немаат волја или капацитети да ги исполнат своите обврски;
- распоредување на мировните операции во услови на нереални очекувања дека тие ќе можат да ги заштитат сите цивили во секое време. Покрај ова, внимание заслужува и прашањето Како може стратешката комуникација, новите технологии и иновативните пристапи да се развијат и да се искористат за заштита на цивилите.

М.С.




# Секуларизмот и практикувањето на религијата

Франција, најмногу заради нејзиното колонијално минато, претставува дом на една од најголемите муслимански популации во Европа. Во Франција односите помеѓу муслиманското и немуслиманското население никогаш не биле целосно решени, а во студија од 2019 г., 42% од речиси 6 милиони анкетирани, француските муслимани изјавиле дека се чувствуваат дискриминирани

Зборот „муслиман“ се користи за означување на некој што е следбеник на исламот. Муслиманите веруваат во еден Бог и дека Мухамед бил неговиот последен пророк. Муслиманите, исто така, веруваат дека Куранот е најчистиот запис за божјите откровенија на Мухамед. Постојат специфични правила, како на пример јадење со десната рака (дури и за леваците) и следење на халал диететски практики. Халал значи дозволено на арапски, а халал исхраната вклучува воздржување од свинско месо, алкохол и секое друго месо кое не е подготвено по халал методот. Приближно 24% од светското население (8 милијарди) се муслимани, а повеќето од нив живеат во Северна Африка, на Блискиот Исток и во Јужна или Југоисточна Азија. Сепак, има муслимани во секој регион во светот, вклучувајќи и голем број во Европа. Од сите европски земји, Франција е една од државите со најбројно муслиманско население. Интересно е податокот дека Франција во голема мера го забрани собирањето податоци за расата или религијата на поединецот, што ја отежнува можноста да се добие точна статистика за тоа колку муслимани живеат во земјата. Според студијата на Pew Research од 2017 г., муслиманското население во Франција изнесува приближно 8,8% од вкупното население или околу 6 милиони луѓе, а 26% од француската муслиманска заедница се странци. Многу од овие муслимански имигранти се од Северна Африка, особено поранешните француски колонии како Алжир, Тунис и Мароко. Иако муслиманите се големо малцинство од француското население и исламот е втора по големина религија во Франција, постојат тензии околу интеграцијата на исламот со „традиционалната“ француска култура. Влошената ситуација ја потврдува и зголемувањето на напади врз муслимани, односно во 2020 г. имало 235 напади врз муслимани во Франција, што бележи зголемување од 53 отсто во однос на претходната година. Муслиманите сочинуваат само 0,08% од Сенатот и Националното собрание, и покрај тоа што сочинуваат 6% до 10% од населението во земјата. Муслиманите сочинуваат околу 40-50% од француската затворска популација, додека во Англија, земја која е со околу 5% муслимани, тие сочинуваат само околу 15% од затворската популација. Овој диспаритет покажува дека, иако прашањето за исламофобија не е единствено француско, можно е дискриминацијата во Франција да е

поголема во однос на другите западни демократски држави. Една од причините за актуелизирањето на важноста на прашањето за муслиманската компатибилност со францускиот закон е зголемената популација на муслимани во Франција. Кога беше донесен последниот француски Устав во 1958 г., имаше околу 900 000 муслимани во Франција. Тој број се зголеми на нешто помалку од 4 милиони во 1989 г., и се проценува дека во 2020 г. е околу 6,5 милиони. Многу од муслиманите се прва или втора генерација имигранти од Северна Африка. Големата имиграција во Франција од Северна Африка во голема мера е наследство од колонијалното минато на Франција. Во средината на 19 век француските трупи го следеа повлекувањето на Отоманската Империја во денешен Алжир и продолжија да ги проширувааат своите северноафрикански колонии до почетокот на 20 век. Во тој период тие ја контролираа цела северозападна Африка. Многу Северноафриканци имигрирале заради економското ветување за бројните работни места достапни во Франција за време на нејзината реконструкција по Втората светска војна. Околу 40% од француските муслимани живеат во и околу Париз. Нема доволно истражувања во врска со искуството на француските муслимани во руралните области, а повеќето истражувања се фокусираат на ситуацијата со која се соочуваат муслиманите во урбаните области кои се нарекуваат „banlieue". Францускиот збор „banlieue" се преведува како предградие, но има негативна конотација. Ова е затоа што, во Франција, терминот обично се однесува на јавни станбени блокови изградени на периферијата на градовите за сместување работници за индустриските фабрики. Училиштата во предградијата обично се преполни и со недоволно персонал. Полициските станици во предградијата не се пополнети со потребен број полициски службеници, па затоа често полицајците прибегнуваат кон одбранбени мерки кои се карактеризираат со превентивни акти на насилство. Бидејќи овие предградија се надвор од редовната сообраќајна мрежа на градот, луѓето кои бараат подобри работни места и училишта обично се принудени да поминуваат повеќе часови дневно патувајќи. Поради бројната муслиманска популација во многу од предградијата, немирите и криминалот често во известувањата се поврзуваат со исламот.

Францускиот правен принцип на „laïcité" според поплаките од мислиманската заедница, ја зголемува дискриминацијата врз муслиманите во Франција со тоа што забранува многу





форми на муслиманско религиозно изразување. „Laïcité", што значи целосното одвојување на религиозниот живот од граѓанскиот живот, ги следи своите правни корени назад од Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот, документ донесен во 1789 г. за време на Француската револуција. Оваа декларација утврдува дека никој не може да се чувствува вознемирен од одредени религиозни верувања, а тие верувања не смеат да го нарушуваат јавниот мир и безбедност. Меѓутоа, целосното раздвојување на црквата од државата се случи во 1905 г., а според закон кој утврдува дека државата не може да признае или финансира ниту една религија. Сегашниот устав, донесен во 1958 г., му дава приоритет на концептот со тоа што во својот прв член утврдува дека Франција е секуларна република. Иако муслиманите живееле во Франција со векови, примената на laïcité конкретно на исламот не бил предмет на национална дебата или внимание до 1989 г. кога е одлучено дека хиџабот е религиозен симбол кој е некомпатибилен со секуларните јавни училишта. Оваа одлука во 2004 г. беше преточена во закон, со кој се утврдува дека сите државни училишта треба да им забранат на своите ученици да носат верски симболи, вклучително и хиџаб. Во студија од 2012 г., утврдено е дека 80% од француското население верува дека исламот е некомпатибилен со принципот на „laïcité". Како последица на пресудата на судот од 1989 г., дека училиштата имаат овластување да им забранат на учениците да носат хиџаб, околу 100 ученици муслимани во периодот помеѓу 1994-2003 г. беа исклучени од училиштата поради носење исламски превез. Во 2004 г., националниот законодавен дом донесе одлука дека во сите јавни училишта, носењето на верски симболи ќе биде забрането. Во 2010 г. беше одлучено и забрането носење муслимански превез на јавни места. Прекршителите на законот се казнуваат со парична казна и полагање тест за државјанство,

што сугерира дека не ги разбираат француските вредности. Во 2018 г., независен комитет на ОН од експерти за човекови права пресуди дека овој закон ја нарушува верската слобода на француските муслиманки. Правилата против муслиманското покривање на главата продолжија во 2012 г. кога Француската фудбалска федерација им забрани на спортистките да носат хиџаб на организирани натпревари. Од 2016 г., повеќе од 30 француски општини на јавните плажи ја забранија употребата на буркини - женски костими за капење дизајнирани да ги задоволат барањата за муслиманите, со образложение дека се несоодветни. Во мај 2022 г., градот Гренобл донесе уредба со која експлицитно се дозволува употреба на буркини во јавните базени, но еден месец подоцна, националниот суд ја отфрли уредбата со образложение дека го прекршува секуларниот карактер на државата. Министерот за внатрешни работи на Франција ја опиша уредбата на градот како неприфатлива провокација која е спротивна на француските вредности.
Еден од првите поголеми терористички напади во Франција беше убиството во просториите на магазинот „Шарли Ебдо“. На 7 јануари 2015 г., двајца мажи влегоа во канцелариите на сатиричниот магазин, убија 12 лица и повредија 11. Нападот бил извршен затоа што магазинот објавил сатирични карикатури на пророкот Мухамед. Напаѓачите биле Французи со алжирско потекло, а Ал Каеда ја презеде одговорноста за нападот. На 13 ноември истата година беа извршени повеќе напади, вклучително и самоубиствени бомбашки напади на националниот фудбалски стадион и напади со огнено оружје на неколку популарни дестинации за ноќен живот. Најголемиот од овие напади се случи на концерт во театарот Батаклан. Севкупно, во овие напади загинаа 130 луѓе, додека 350 беа повредени. За овие напади одговорноста ја презеде терористичката организација Исламска држава - ИД. На 14 јули 2016 г., товарен камион помина низ масата луѓе на прославите на Денот на Бастилја во Ница, при што загинаа 86, а беа повредени 303 лица. Овој напад беше извршен од Тунижанец кој живее во Франција, а ИД исто така ја презеде одговорноста за овие напади. На 16 октомври 2020 г., наставник по име Самуел Пети беше обезглавен од 18-годишен муслиман. Пети стана цел на кампања на социјалните мрежи откако наводно покажал карикатури на пророкот Мухамед, а неговото убиство францускиот претседател го нарече исламистички терористички напад. Како и со сите национални трагедии, овие ужасни настани имаа



Во студија направена во 2017 г., само 39% од испитаниците Французи сметаат дека исламот е компатибилен со француското општество. Дискриминацијата што ја чувствуваат француските муслимани во голем дел произлегува од уникатниот пристап на Франција кон секуларизмот, наречен Laïcité, поттикнат од терористички напади и стереотипите за муслиманите во јавниот дискурс. Од 1989 г., францускиот судски систем донесе повеќекратни ограничувања на муслиманското изразување на вера, а најмалку 75 џамии се под надзор на француската влада

длабоко влијание врз Франција. Обезглавувањето на Семјуел Пати и убиствата во „Шарли Ебдо“ беа особено застрашувачки за Французите затоа што се сметаа за напади врз основните вредности на нивната република. Францускиот устав од 1958 г. го прогласи слоганот од Француската револуција, „Слобода, еднаквост, братство“ за официјално мото на Франција, а мотото е видно испишано низ целата земја. Французите ја гледаат слободата на изразување како основа на многу други слободи што ги негуваат во нивната република, а францускиот Устав се однесува на слободата на изразување како основа на повеќе уставни одредби. Бидејќи слободата на изразување е еден од фундаментите на францускиот Устав, кога повеќе луѓе беа убиени за нешто што го кажале или нацртале, тоа се сметаше како директен напад на француските цивилизациски вредности. По обезглавувањето на





Самуел Пати, францускиот претседател во официјално писмо изјави дека Пати бил цел на терористички напади поради верувањето во слободата на изразување. Тој, исто така, вети дека ќе воведе закон за борба против „исламскиот сепаратизам“ преку создавање на „француски ислам“ кој ќе обезбеди учење кое е компатибилно со француските вредности.  И покрај тоа што многу муслимански официјални лица ги осудија овие убиства, по овие терористички напади сепак имаше нагло зголемување на бројот на нападите врз муслиманите и џамиите. Реакцијата од терористичките напади доведе и до сериозно следење на исламот од страна на француската влада. По обезглавувањето на Самуел Пати, францускиот претседател воведе закон со кој се зголеми владиниот надзор и авторитет над муслиманските училишта и џамии, како и нивното финансирање.
На 27 јуни 2023 г. Франција беше доведена до точка на вриење. Како резултат на прекумерна употреба на сила од страна на полицијата и убиство на Нахел, 17-годишно момче со алжирско потекло, беа одржани големи протести во предградие на Париз, а подоцна се прошириja и во неколку други градови во Франција. За време на протестите беа уапсени околу 3500 луѓе, а Франција распореди околу 45.000 полицајци на улиците. Убиството на тинејџерот коешто беше снимено на видео, повторно го разбуди незадоволството од полициско насилство и расизам во сиромашните и расно мешаните урбани заедници, каде што француските лидери со децении не успеваат да се справат со она што некои политичари го нарекоа географски, социјален и етнички апартхејд. Два дена по смртта на младиот Нахел, верските лидери решија да се изјаснат и да повикаат на мир. На 29 јуни, Големата џамија во Париз издаде соопштение во кое му изрази сочувство на семејството на тинејџерот и изјави дека неговата смрт предизвикала најдлабоки емоции. Ректорот Кемс-Един Хафиз ја искористи можноста да повика на смиреност во населбите, нагласувајќи дека тагата и гневот се легитимни во пресрет на таквата трагедија, а Големата џамија во Париз ги повикува особено младите да не реагираат со насилство. Шеикот Мохамед Абу Заид, претседател на сунитскиот суд и имам на најголемата џамија во Саида, во близина на Бејрут, сепак верува дека само мирната соработка ќе ги подобри односите, а користењето на моќта и авторитетот на државата ќе го направи спротивното. Абу Заид е нашироко познат како исламски научник фокусиран на дијалог. Тој е автор на 18 книги кои се залагаат за умерен, мирен ислам и дијалог со немуслимански или малцинско-муслимански земји. Тој, исто така, предаваше на Универзитетот Стенфорд во САД и беше меѓу првите имами што отпатуваа во Данска по протестите што избија поради објавувањето на карикатурите на пророкот Мухамед во 2005 година. Според него муслиманите и француската влада треба да се фокусираат на три аспекти. Прво, тој ја гледа потребата француската влада да биде отворена за муслиманската заедница од околу шест милиони луѓе во Франција, најголемата во Европа, преку соработка со нивното раководство, затоа што во спротивно, луѓето ќе се чувствуваат надвладеани. Второ, тој препорачува имамите да бидат обучени и квалификувани во земјата во која живеат. Трето, од клучно значење е да се подигне свеста дека затворањето на џамиите само ќе доведе до нови проблеми, затоа што луѓето нема да престанат да се молат или да ги слушаат имамите, тие ќе го прават тоа тајно. Во историјата на строго секуларна Франција, ниту една од околу 2600 џамии и молитвени простории, вклучително и нивните приватно вработени имами, не била проверена од државата, но Абу Заид верува дека државата треба да ја преземе таа задача. Тој испраќа јасна порака до муслиманските имигранти да се гледаат себеси како дел од земјата во која живеат, а не само како посетители. Од гледна точка на Абу Заид, религиозната муслиманска заедница треба да ја брани земјата којашто им дала државјанство, а француските муслимани не треба да ги практикуваат своите турски, индиски, пакистански или либански обичаи, туку треба да живеат според правилата на земјата домаќин. Христијанско-муслиманскиот дијалог е основа за мирно разбирање, а на младите луѓе треба да им се даде шанса за избор.




д-р Ненад Танески



# Фемицид – необјавена војна врз жените во Европа

Во средината на минатото лето три жени го загубија животот од рацете на нивните партнери за помалку од 48 часа, и тоа во различни делови на Грција. На 31 јули 2022 година, маж ја избодел до смрт својата сопруга во Ретимно, кога таа му побарала развод. Следниот ден на Закинтос, друг маж дивјачки ја претепал сопругата, а потоа ја убил со нож, иако само неколку часа пред убиството, жената отишла во локалната полициска станица да поднесе уште една пријава против него, поради тоа што ја претепал. А, само неколку часа подоцна, 17-годишна девојка од Перистери ќе стане најмладата жена жртва на убиство

Овој вид на „епидемија“ на убиства на жени од нивните сегашни или поранешни партнери е кулминација на трендот што долго време ја мачи Грција и се чини дека се засили за време на неодамнешната пандемија. И, не само во Грција: во Шпанија на почетокот на годината во еден ден се случиле четири убиства на жени во различни градови. Слични мрачни извештаи пристигнуваат и од други европски земји, кои ја поттикнуваат дебатата за тоа дали фемицидот сам по себе треба да се смета за кривично дело. Но, досега само две европски држави, Кипар и Малта, се имат осмелено да го направат овој чекор. Но, што навистина реално се случува? Прашањата се дали има зголемување на бројот на жени убиени во последните години од машки партнери или членови на семејството; дали овој развој е конзистентен со зголемувањето на родовото насилство, особено семејното насилство, за време на периодот на пандемијата; дали навистина има зголемување на стапките на фемициди во Европа и кои земји имаат најголеми тешкотии во напорите за спречување на насилството врз жените.

Не е лесно да се одговори на овие прашања, бидејќи на ниво на Европската Унија нема официјално објавени податоци за периодот после




За Катерина Коти, мајка на 31-годишната Дора Захарија, која беше убиена на Родос во септември 2021 година од нејзиното поранешно момче неколку дена по нивното раскинување на врската, секоја нова објава за фемицид е уште една мала трагедија. Дора е 11-тата жртва таа година на списокот кој како да беше предодреден да расте...




2018 година. Европскиот институт за родова еднаквост (во оригинал: European Institute for Gender Equality (EIGE)), кој е задолжен да спроведува истражувања за насилството врз жените, како и да врши мониторинг на политиките на оваа тема, иницира истражување во 2020 година. Сепак, не се очекува резултатите да бидат објавени пред 2024 година. Сепак, во однос на „фемицид“, вреди да се спомене дека EIGE ја има усвоено статистичката дефиниција за „убиство на жена од страна на интимен партнер и смрт на жена“. Но, во Грција не постои конкретен закон за кривично гонење на делото фемицид, па така феноменот се следи во земјата преку собирање податоци за женските жртви на намерно убиство, додека односот со сторителот се генерира во комбинација со Законот за постапување со семејно насилство.
Во 2021 година во Грција е забележан најголем пораст на фемициди со пораст од 187,5%, од 8 инциденти во 2020 година на 23 во 2021 година. Во овој контекст и Шведска прави „скок“ со 120% зголемување на фемицидите во 2018 година во споредба со 2017 година, а во Естонија и во Словенија е забележан 100% пораст во 2015 и во 2020 година. Ако се споредат податоците за двегодишниот период на пандемијата со 2019 година, се гледа дека Грција, Словенија, Германија и Италија забележале значителен пораст на фемициди.
Кристина Фабре Росел работи како лидер на тимот за родово насилство во Европскиот институт за родова еднаквост и објаснува дека за време на првото заклучување на пандемијата имало релативно намалување на бројот на инциденти со фемицид, но ризикот останал. Нејзиното објаснување е дека жените не беа изложени на ризик од фемицид за време на пандемијата, бидејќи беа „заглавени“ со сторителот, и затоа сторителот се чувствувал посигурен. Целата моќ и контрола биле во негови раце. Немало каде да оди, па немал и друг излез. На тој начин се зголеми насилството од интимниот партнер, но не и потешката форма што е полоша, а тоа е фемицидот.
Она што загрижува се мерките што требаше да се воспостават по заклучувањето за да се заштитат сите жени кои бегаат од своите насилници. Така се појавува страв дека тешката форма на насилство од интимен партнер, можеше да се зголеми по ослободувањето на мерките за заклучување. А, ова всушност и се случи во некои земји членки на ЕУ. Сепак, сè уште не може да се види дали ова е вообичаен образец што се случи кај сите земји членки на ЕУ и до кој степен можеме да кажеме дека тоа е резултат на овие мерки, бидејќи едноставно немаме докази. Но, се надеваме дека со собирање податоци за фемицидот на интимниот партнер низ годините, можеби и ќе се успее да се соберат докази.
Во однос на индикаторот за сексуално насилство, Грција, Србија и Словенија покажуваат значителен пораст во годините на пандемијата. Конкретно, сексуалното насилство во Грција се зголемило за 115,6% во 2020 година и 104,3% во 2021 година. Во Србија е зголемено за 76,0% во 2021 година, по намалувањето од 52,6% во 2020 година, додека во Словенија е зголемено за 64,3% во 2020 година и 17,4% во 2021 година. Германија покажа пораст од 8,0% во 2020 година, додека Унгарија исто така забележа пораст од 20,8% во 2020 година, но забележа и поместување од -6,3% во 2021 година. Константина Цапа е убиена на 5 април 2021 година со нож од нејзиниот разведен сопруг во селото Макриница. Тој ден во куќата на нејзините родители насилникот го убил и нејзиниот брат Џорго Цапас. Четири дена претходно убиецот насилно ги нападнал мајката на неговото дете и нејзините родители



во истата куќа.
Слични насилни инциденти неколку пати повторил истиот сторител, но и покрај апелите до полицијата, тужбите и барањето за забрана, сторителот не поминал ниту една ноќ во притвор. Дора Захарија во 2021 година не знаела дека нејзиниот тогашен партнер, а подоцна и убиец, претходно бил гонет за незаконско насилство и носење оружје по инцидент во кој ѝ се заканувал на својата поранешна партнерка. Прекршочното дело противправно насилство е отфрлено поради истекување на делото, а добил затворска казна од два месеци со три години суспензија за делото недозволено носење оружје. Против него била поднесена пријава, но забраната не беше процесуирана навреме, а „Дора ова доцнење го плати со својот живот. Неправедно го загубивме детето“, коментира Катерина Коти, мајка на 31-годишната учителка која е убиена во 2021 година. Мајката на Дора Захаријас сега е активен учесник во антифемицидни настани, заедно со мајките на другите убиени жени. Заедно тие апелираат на промени во начинот на кој државата и општеството во целина се справуваат со насилството врз жените и сторителите на семејно насилство. Во историската одлука на 22 февруари 2023 година, а по 6 години одложувања поради постојаното противење од различни земји членки, Европскиот совет одлучува дека ЕУ треба да пристапи кон Истанбулската конвенција како транснационален ентитет. Ова следува по договорот на Европскиот парламент, кој претходно побара насилството врз жените да биде вклучено во листата на признати злосторства во ЕУ. Конвенцијата е првиот правно обврзувачки меѓународен текст кој поставува критериуми за спречување на родово засновано насилство и може да послужи како водич за иницијативи за следење од Брисел а е на сила од 2014 година, На 25 ноември 2022 година, Меѓународниот ден за елиминација на насилството врз жените, Европската комисија побарала од Европскиот парламент во најкус можен рок да ја усвои предлог-директивата поднесена претходниот март за борба против насилството врз жените и семејното насилство. Меѓу другото, директивата има цел да ги вгради во законодавството на ЕУ минималните стандарди за криминализирање на одредени форми на насилство врз жените; заштита на жртвите и подобрување на пристапот до правдата; поддршка на жртвите и обезбедување координација помеѓу релевантните служби и работи на превенција. Исто така, директивата, предлага собирањето податоци конечно да биде задолжително во цела ЕУ. Степенот на насилството врз жените е недоволно пријавен и недоволно дебатиран, односно вокализиран и, како што е наведено, податоците не се лесно споредливи меѓу земјите на ЕУ. Всушност, во директивата се споменува дека последното релевантно паневропско истражување е објавено во 2014 година.




Врз основа на наведеново, јасно е дека без заеднички европски систем за евидентирање на насилството врз жените и зајакнување на системот за заштита на жртвите, спроведување на законот и зголемување на казните за сторителите и систематско едуцирање на младите за родов идентитет и сексуални односи, родовото насилство ќе продолжи да се зголемува. Се разбира дека секогаш постои можност никој да не дознае за тоа, бидејќи инцидентите едноставно нема да се снимаат…

м-р Билјана Поповска (за повеќе види на https://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Greece/Femicides-the-undeclared-war-on-women-in-Europe-223895



# Генерали кои ја извојуваа победата во операцијата „Оверлорд“ во Втората светска војна

Операцијата „Оверлорд“ или уште позната како „Денот Д“ започнала на 6 јуни 1944 година со истоварување на сојузничките сили на плажите на Нормандија. Целта на операцијата беше да се протераат германските сили од Европа, а воедно и Европа да се ослободи од фашизмот.

По германскиот напад на тогашниот СССР во 1941 година, американскиот претседател Франклин Д. Рузвелт и британскиот премиер Винстон Черчил, се обврзаа дека најдоцна до 1943 година ќе отворат нов фронт, со цел да му помогнат на Советскиот Сојуз кој го понесе најголемиот товар во борбата против Германците. Иако со задоцнување, сепак тоа се случи во 1944 година. Најголемиот дел од сојузничките сили во Операцијата биле од САД, Обединетото Кралство, Канада, Австралија, како и помал број од Полска, Франција, Белгија, Грција, Норвешка и Холандија. Победата на сојузничките сили, и покрај големото количество на оружје и борбена техника, како и големиот број на војници кои беа ангажирани за оваа операција, немаше да биде возможна доколку не беше направен вистински избор на докажани „војсководци“ како што беа генералите Двајт Дејвид Ајзенхауер, Бернард Монтгомери и Џорџ Смит Патон, на кои им беше доверено командувањето и раководењето со оваа најтешка и најзначајна операција во Втората светска војна. Биографиите на овие генерали покажуваа зошто изборот за тоа кој ќе раководи со опрацијата „Оверлор“ „падна“ токму на нив, што претставуваше голема чест но, исто така, уште поголема одговорност.

Двајт Дејвид Ајзенхауер можеби е најславниот генерал од Втората светска војна. Популарниот „Ајк“ – како што му беше надимакот, ги има поминато сите скалила од дното до врвот со постојано надградување, покажувајќи видливи резултати. Кариерата ја започнува со запишување на Воената академија „Вест поинт“ во 1911 година, а дипломирал во 1915 година. Кога започнала Првата светска војна Ајзенхауер е унапреден




привремено во чин полковник за да може од 1918 година да го води новоформираниот тенковски корпус на САД, меѓутоа војната набргу завршува и затоа тој немал можност да го употреби ова ново оружје. Ајзенхауер потоа повторно е вратен во чин капетан и служел во гарнизонот во Мериленд. Во тоа време американската војска била мала, слабо платена и запоставена од изолационистичките политичари и од јавното мислење. Во ваква состојба на американката војска, Ајзенхауер главно работел како помошник на различни министри и генерали. Во 1933 година бил именуван за помошник на началникот на Генералштабот Даглас Макатур и го следи и на Филипините во 1935 година како воен советник на тамошната влада. Во 1936 година „Ајк“ е унапреден во чин мајор, а во 1939 година во чин потполковник. Во септември 1941 година е унапреден во чин бригаден генерал и именуван за началник на штабот на Третата армија во Тексас. По влегувањето на САД во Втората светска војна, Ајзенхауер е доведен во Вашингтон во Генералштабот за да може да ги планира воените операции против Јапонија и Германија. Со својата работа оставил силен впечаток кај началникот на Генералштабот, Џорџ Маршал, кој го препорачува за највисоки командни позиции, иако немал воено искуство. Во 1942 година Ајзенхауер е именуван за командант на сите американски сили во Европа и допатувал во Лондон каде што ќе му биде и штабот. Кога е донесена одлука сојузничките сили да се истоварат во Северозападна Африка, Ајзенхауер е назначен за врховен командант на сите сојузнички сили на тој фронт. Во 1943 година ја презел под своја команда и Осмата британска армија на генерал Монгомери и раководел со операции за уништување на силите на Оската во Тунис. После тоа, под негова команда е извршено истоварување на Сицилија и на целото италијанско копно на сојузничките сили. Во декември 1943 година Ајзенхауер е именуван за командант на сите сојузнички сили во Европа и во наредните месеци целосно се посветил на конечно планирање и подготовка за десантот на Нормандија, која беше една од најсложените воени операции во историјата. Лично тој има донесено одлука десантот да се изврши на 6 јули 1944 година.

Бернард Монтгомери-Монти е британски генерал кој военото образование го има стекнато на Воената академија „Сандхерст“. Војничката кариера ја започнал во Индија. По избувнувањето на Првата светска војна во август 1914 година, неговиот полк е префрлен во Франција. При повлекувањето на британските сили од Монс, веќе во првата борба со германските сили на 13 октомври 1914 година бил ранет. По заздравувањето во 1915 година бил унапреден во чин бригаден генерал. По завршувањето на Првата светска војна Монгомери повторно е вратен во чин капетан и командир на чета. Во 1921 година Монгомери е поставен за офицер во штабот на бригадата сместен во Корк, кој се наоѓал во регион кој бил центар на најжестоки борби за време на Англиско-ирската војна. Во 1927 година бил унапреден во чин потполковник и станал командир на првиот баљон на првиот Ворвикшајрески полк со кој служел во Палестина, во Египет и во Индија. Набргу е унапредн во чин полковник и е поставен за инструктор во военото училиште на индиската армија во Кети во Индија. Во 1937 година му е доверено командување со 9. бригада. Во 1937 година е унапреден во чин генерал-мајор и му било доверено командување со 8. девизија сместена во Палестина. Со објавувањето на Втората светска војна 3 септември 1939 година, Британија влегува во војната. Монтгомери Втората светска војна ја дочекува како командант на Третата девизија која била распоредена во Белгија како дел од Британскиот експедициски корпус. Германскиот напад на Франција, а воедно и на Холандија и Белгија започнува на 8 мај 1940 година. Во неможност да го сопре германското напредување, Британскиот експедициски корпус се повлекол во француското пристаниште Денк – Ерк каде што британските и француските сили биле опколени. Со цел спасување на повеќе од 300.000 британски и француски војници, британскиот Генералштаб донесува одлука за евакуација на британските сили од Франција. Оваа операција е наречена „Динамо“. Евакуацијата започнала на 26 мај, а Монтгомери



командува со 2. корпус  и операцијата „Динамо“ успешно завршува на 4 јуни 1940 година. Поради успешното завршување на евакуацијата, по враќањето во Британија тој е унапреден во чин генерал-полковник, должност на којашто останал до 13 август 1942 година, а потоа ја презел командата на 8. британска армија во Северна Африка. Во борбите со германските сили предводени од генералот Ромел извојува две значајни победи, кај Алам Халфа и Ел Алемајн. Особено важна е победата кај Ел Алемајн, која заедно со битката за Сталинград се сметаат за пресвртница во Втората светска војна. Истоварувањето на Сицилија беше следната сојузничка операција именувана како операција „Хаски“, каде за првпат имаше несогласување помеѓу генералот Монтгомери и американските генерали, што негативно влијаело на координацијата при изведбата на самата операција. После оваа операција Монтгомери се враќа во Обединетото Кралство за да го презеде командувањето со 21. група армија која ја сочинувала земјената компонента на сојузничките сили кои се подготвуваа за изведување на операцијата „Оверлорд“.
Џорџ Смит Патон е американски генерал кој, исто како и генералите Ајзенхауер и Монтгомери, е еден од најзаслужните сојузнички генерали за победата над нацизмот во Втората светска војна. Тој своето воено образование го започнува во Воениот институт во Вирџинија каде што бил една година, а потоа преминува во „Вест поинт“, каде што и дипломирал во 1909 година. Воената кариера ја започнува на мексиканската граница во 1916 година. Бил во составот на 13. тексашки коњички полк и го следел бригадниот генерал Џон Џ. Першинг





како неков аѓутант за време на гонењето на Панчо Виља. По влегувањето на САД во Првата светска војна, генералот Першинг на Патон му ја доверува командата на новоформираниот американски Тенковки корпус. Поради успешноста во организацијата на обуката и формирање на училиште за американски тенкисти во Ланжер во Франција, како и командувањето со американските оклопни единици, унапредуван е два пати: со чин потполковник поставен е за командант на американскиот Тенковки корпус, кој прво бил дел на американските експедициски сили, а потоа дел од американската 1. армија. Учествува во офанзивата во Сен Мишел во 1918 година каде што бил и ранет. После тоа е унапредн во чин полковник. Додека бил на служба во Вашингтон во 1919 година го запознава Двајт Ајзенхауер кој ќе има многу значајна улога во неговата понатамошна воена кариера. Главна преокупација на Патон во својата кариера му била да го убеди Конгресот за финансирање на оклопните единици, но тоа било безуспешно, сè до успехот на новата германска тактика на „блицкриг“ во Европа, која се базираше на користење на силни оклопни средства. Со овие силни аргументи што му ги овозможуваа германските успеси, конечно успеал да го убеди Конгресот за потребата за основање на оклопни девизии. По добивањето на согласноста на Конгресот, Патон е унапредн во чин бригаден генерал и доверена му е команда на Оклопната бригада која подоцна прераснува во Втора оклопна девизија, а Патон добива чин генерал-мајор. Во 1942 година генералот Патон командува со американската Прва оклопна девизија, која во состав на сојузничката операција „Факел“ се истовара на бреговите на Алжир и Мароко. Во 1943 година Патон е унапред во чин генерал-полковник и доверена му е командата на 2. американски корпус. Причините за поразот на американските сили од Германците во битката за Хасеринскиот премин, Патон ги наоѓал во недисциплината во американските редови и прв приоритет му било да воспостави дисциплина што и го направил. Потоа во март истата година започнал контраофанзива, при што американските единици ги потиснале германските сили источно од првобитните позиции, а истовремено британските сили под команда на Монтгомери ги нападнале Германците од југ и ги примораle да се предадат во Тунис на 13 мај 1943 година.
После истоварувањето на сојузничките сили во Нормандија, на Патон му е доверена командата над Третата армија со која успешно раководел до крајот на операцијата.
И по речиси 80 години од завршувањето на операцијата „Оверлорд“ и воопшто на Втората светска војна, одлуките кои ги носеле овие генерали заслужуваат почит, затоа што со нив спасиле многу животи. И во повоениот период имале и голем придонес во креирањето на светската политика, со исклучок на Патон, кој починал во 1945 година. Иако тие биле „војници“, сепак избегнувале постапки кои ќе го загрозат светскиот мир. Тоа особено важи за Ајзенхауер, кој беше и претседател на САД во два мандата и кој веднаш по смртта на Сталин во 1953 година договорил примирје со кое завршила Корејската војна.
Секако дека постоеле и други команданти и генерали коишто заслужуваат почит, но Ајзенхауер, Монтгомери и Патон покажале најголемо знаење, умешност и истрајност во „виорот на војната“, со што си обезбедија почесно место во историјата.

Филип Зенделовиќ



# Подемот на националните држави и професионалните вооружени сили

Овој текст е наменет да го покаже подемот на националните држави и нивните професионални вооружени сили низ историјата и да потврди дека обединувањето на конфедерациите и државите-градови под единствена и централната власт е резултат на трката за достигнување на поголема државна (или национална) моќ

Според УНЕСКО, национална држава е држава во која големо мнозинство од населението споделуваат иста култура и се свесни за тоа. Во енциклопедијата Британика се дефинира како територија врз која се остваруваат влијанија преку суверени политики и се владее во име на заедница на граѓани кои себеси се идентификуваат како нација. Во речникот Мериам-Вебстер, националната држава се дефинира како форма на политичко организирање во кое релативно хомогена група на луѓе населува независна држава. Во речникот Кембриџ се дефинира како независна држава во која живее одделна голема група на луѓе кои имаат ист јазик, традиции и историја. Историчарот Мајкл Робертс, зборувајќи за револуцијата во вооружените сили во 16 и 17 век, ги споменува Француските религиски војни и владеењето на династијата Стјуарт во Англија. Тој тврди дека во тој период преку вооружените судири се воведуваат промени кои ќе имаат влијание и врз идните вооружени судири. Промените се однесуваат на тактиките, стратегиите и најмногу во нивото на војување и влијанието на војната врз општествата. Историчарот Џефри Паркер тврди дека тие промени можат да се познаат многу порано, почнувајќи од стогодишната војна помеѓу Англија и Франција (1337-1453) и се на сила до војната за




наследување на шпанскиот кралски престол (1701-1714). Робертс и Паркер се насочени кон откривање на појавата на двата, за тоа време, нови концепти на војна. Првиот нов концепт за вооружена војна е државниот суверенитет, а вториот е искористувањето на војувањето како продолжение на државните политики. Појавата на модерни и независни држави во Европа ги поставувале владејачките класи во државите како единствено моќни и ексклузивно одговорни да водат и да завршуваат војни. Периодот од 15 до 18 век го отсликува и развојот на државите во насока на присвојување на способноста и одговорноста за собирање, одржување и употреба на големи вооружени сили за војување во војните. Во тој период се забележува враќање кон дефиницијата за државност од класичното Римско право кое вели дека „државата не признава повисоко мислење од сопственото за водење на сопствените работи. Пред Протестантските реформи во Европа, сите држави поседувале некаква верност кон Римската католичка црква. Владетелите можеле да одбијат или да занемарат мислење или одлука на папата за водењето на државата, но се соочувале со моќта на папата кој можел да ги екскомуницира и со тоа да им нанесе голема штета на опстанокот на државата и на авторитетот на владетелот. Протестантските реформи ќе воведат постојани промени во политичките односи во Европа, што се потврдува со потпишувањето на мировните договори од Аугсбург во 1555 г. и Вестфалија во 1648 г., со што се потврдува враќањето на државите кон класичниот концепт за суверенитет и извршување на државните работи. Потреба за поставување и одржување на големи воени формации во овој период од историјата, кој се карактеризира со речиси постојано војување, поттикнува политички промени во општествата. Во феудалните општества владетелот не располагал со доволно економски, политички и воени средства за да одржува вооружени сили. За да можат владетелите да одржуваат големи воени формации требале да имаат моќ за да собираат даноци за да воведуваат задолжителна воена служба и за да ги присилуваат на верност политичките чинители во општествата, како на пример, благородништвото и свештенството. Недостатокот на која било од овие моќи значело дека владетелите, во случај на војна, би требале да се потпираат на феудалните војсководци или на платеници. Користењето на феудални војсководци можело да го поткопа авторитетот на владетелот, а користењето на платеници можело да предизвика банкрот на владетелот. Оттаму, префрлањето кон професионални вооружени сили зависело од развивањето на политичкиот систем во државата. Овие промени се случиле во различно време во различни држави и ниту една не се случила преку ноќ, но се заокружуваат на почетокот на 18 век. Подемот на професионалните вооружени сили е поттикнат од социјалните и економски трошоци предизвикани од постојаното војување. Потребите за регрутирање на војници и финансиските трошоци поврзани со војувањето предизвикуваат ограничување на војувањето во 18 век.
Подемот на националните држави и професионалните вооружени сили е овозможен со појавувањето на модернизмот на европскиот континент. Франсис Бејкон, европскиот социјален и политички напредок го основа на развивањето на трите револуционерни пронајдоци: огненото оружје, океанската навигација и печатењето. Иако ниту еден не потекнува од Европа, сепак,

обединувањето на нивната употреба донесува напредок на континентот. Според Азар Гат, умерените климатски услови, предвидливите врнежи и рамномерната распределба на населението обезбедиле побрз напредок на европските цивилизации. Морињата кои продираат длабоко во копната, големите и пловни реки и високите и тешко проодни планини овозможиле канализирање на патната инфраструктура и ја олесниле комуникацијата на материјални добра и идеи. Од друга страна, пак, истиот тој релјеф придонел за поделба на населението во повеќе политички центри и развивање на повеќе политички единици, односно држави. Поделбата на европското население, по политички и културни линии, овозможила појава на натпреварувачки дух помеѓу нациите, кој недостасувал во монополистичките и деспотски системи на државно уредување во Азија. Брзото напредување на европските цивилизации било основано на ефикасноста на поставените држави. Средината на постојан натпревар помеѓу државите обезбедувала гаранција дека секоја неефикасност на државата предизвикува слабост, а секоја слабост предизвикува опасност од казна од другите „натпреварувачи“ и опасност од престанок на постоењето. Тука се наметнува потребата од територијално зголемување, кон што се стремат државите и кое обезбедува поголемо население за регрутација, за оданочување и за производство. Азар Гат тврди дека националните држави не се појавуваат за прв пат во средновековна Европа, туку појавата на националните држави ја поврзува со Античка Македонија. Успехот ѝ го припишува на античката македонска кралска династија која успева да ги обедини поврзаните племиња на територијата на Античка Македонија, за потоа во „националната држава“ успешно да ги обедини Тракијците, Илирите, Тесалијците и други помали грчки градови-држави. Воведувањето на професионални вооружени сили ѝ овозможило на античката македонска кралска династија да биде независна од „феудалните војсководци“ под контрола на кралот, а поделените грчки градови-држави им обезбедиле постојан извор на финансии преку освојувања, за одржување на професионалните вооружени сили и напредокот. Тоа на античката македонска кралска династија ѝ овозможува освојување на тогашната суперсила, Персиската Империја и територијално проширување низ целиот познат свет. Но, со појавата на следната национална држава, која




повторно потекнува од град-држава, Римското Царство, се појавува потреба за организација на државното уредување во „националната држава“. Слабеењето на централната власт во античката македонска држава овозможува поделба на населението на нејзината територија по етнички линии, што овозможува Римското Царство да издејствува победа и да ја искористи неефикасноста на централната власт на античката македонска држава.
Во средновековието, огненото оружје овозможило лесна, брза и унифицирана обука на големи воени формации. Повеќе не биле потребни голема физичка сила или изразен интелект и снаодливост за успех на бојното поле. Огненото оружје овозможило и обичните граѓани да бидат успешни војници. Брзата поединечна обука овозможила појава на обука на поголеми воени формации за изведување на сложени воени маневри на воено поле. Користењето на магнетниот компас за океанска навигација овозможило пронаоѓање на нови извори на ресурси, но и пронаоѓање на бесплатна работна рака. Пловењето на подолги релации овозможило изработка на поквалитетни пловни платформи, кои ќе бидат искористени и за демонстрирање и за употреба на воената моќ. Печатењето овозможило брза распределба на нови идеи, кои не биле ограничени само на научни, туку биле религиски, културни, јазични и политички. Кларк Рејнолдс ги опишува историските стратегии за користење на пловењето,






или океанската навигација, за зголемување на националната моќ. Според Рејнолдс постојат две школи на стратегиска анализа на влијанието на поморската воена моќ врз националната моќ. Првата е материјалната школа која се потпира на тврдењето дека развивањето на помоќно вооружување или опрема, само по себе, ќе обезбеди доволна надмоќ со која нацијата успешно ќе ја гарантира сопствената безбедност. Оваа школа е насочена кон теоретизирање за водење или одвраќање на тотална војна. „Материјалистите“ сметаат дека технолошкиот напредок кој ќе овозможи создавање на супериорно вооружување и опрема, без сомнение ќе обезбеди и супериорност на државата во целокупната технологија, политичкиот и економски систем и културата. Историската школа воведува дополнителни гледишта поврзани со дипломатијата и правото. Технолошки поразвиените нации не би добиле дополнителен престиж доколку извојуваат победа врз помалку развиени противници. Историски гледано, поморската надмоќ на една национална држава обезбедува извесна стабилност во светски рамки. Рејнолдс дефинира три периоди во историјата, кога е обезбеден развој кој се потпира на долготраен мир. Првиот период е Pax Romana, кога технолошката и воената надмоќ на Римското Царство овозможува развој на цивилното општество. Вториот е Pax Britanica, кога економската и воената моќ на Обединетото Кралство обезбедува непречено одвивање на поморската трговија, а третиот е Pax Americana, кога воената моќ на САД, во униполарниот свет по распадот на СССР, овозможува непречено распространување на идеите. Рејнолдс ги дели државите на поморски, континентални и помали нации. Предноста на поморските нации се состои во тоа што се изолирани и немаат директна закана од противници врз нивните граници, поради што немаат потреба за поставување и одржување на големи копнени вооружени сили, што им овозможува да се концентрираат на развивање на личните слободи на населението и на интелектуален и технолошки напредок. За одржување на поморската надмоќ, тие треба да поседуваа надмоќна флота за извршување на неопходната трговија и транспорт и за одбрана од инвазија. Континенталните нации своите поморски вооружени сили секогаш ги стават во втор план и мора постојано да размислуваат за сопствената политичка и воена безбедност и затоа поставуваат и одржуваат големи копнени вооружени сили. Иако се помалку зависни од поморскиот транспорт, сепак треба да имаат функционални поморски вооружени сили. Историските истражувања потврдуваат дека во средновековна Европа бројот на политички единици, односно држави, се намалил од околу 500 на околу 25, како последица од трката по зголемена моќ. Малите држави или престанале да постојат или се обединиле во поголеми политички единици. Сепак, треба да се истакне дека „жртви“ на трката по надмоќ се малите држави-градови и автономни заедници, додека националните држави остануваат. Иако воената моќ е само една од четирите типови на национална моќ, покрај дипломатската, информативната и економската национална моќ, сепак подемот на националните држави не може да биде разгледуван без појавата и подемот на професионалните вооружени сили. Ако може да се каже дека подемот на националните држави во Европа е резултат на географски и климатски околности, сепак, не е можно да се разграничи и да се оддели влијанието на војната и вооружените сили врз појавата на националните држави. Трите револуционерни пронајдоци, според Бејкон, само го потпомогнале и го забрзале подемот на националните држави и професионални вооружени сили за да ги достигнат облиците кои се општо прифатени во денешно време.



Томица Ристески


SKOPJE

# АРМИЈАТА СО ГРАЃАНИТЕ

## ОТВОРЕН ДЕН ПО ПОВОД ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА



# „TPz Fucks“ 6x6 – германски амфибиски оклопен транспортер

Основната и најбројна верзија на „TPz Fucks“ е амфибиски оклопен транспортер, наменет за брз транспорт на трупите. Но, благодарение на едноставниот и практично замислениот дизајн како повеќенаменска платформа, од него се развиени многу борбени и неборбени верзии. Возилото поседува 6x6 погон на тркалата, од кои предните две осовини му се управувачки, а освен тоа поседува и пропелери за движење по вода. Ваквата изведба овозможува поголеми маневарски можности при движење на пат, земјена подлога, водени препреки и екстремни климатски и временски услови. Оклопното тело на „TPz Fucks“ е изработено од заварени челични плочи кои овозможуваат заштита од лесно пешадиско оружје и шрапнели на артилериски гранати. Но, на возилото може да се постават и дополнителни оклопни плочи MEXAS, со цел зголемување на севкупниот степен на заштита. Внатрешниот простор е поделен на 3 дела: управувачки, моторен и транспортен оддел. Во првиот (преден) дел е управувачката кабина, каде што возачот е сместен лево, а десно е сместен командирот на возилото. На бочните страни од управувачкиот дел се вградени по една врата за возачот и командирот на возилото (со блиндирано стакло), а на кровот има еден кружен отвор наменет за командирот, над кој е поставен прстен со постамент за пушкомитралезот „MG-3“, со калибар од 7,62 mm. Околу овој отвор према напред се вградени 3 перископи, додека за потребите на возачот на кровот се вградени 4 перископи (насочени према напред и лево), од кои централниот према напред може да се замени со пасивен за ноќно возење. За поголема заштита над блиндираното ветробранско стакло и блиндираните стакла на вратите се поставуваат метални заштитни поклопци. Позади овој оддел е моторното одделение. Кај верзијата „TPz Fucks 1“, е сместен турбо дизел-моторот V-8 Mercedes-Benz OM402A, со моќност од 320 кс, во комбинација со трансмисијата ZF 6HP500, која има 6 брзини за движење напред и една брзина за движење назад. Верзијата „TPz Fucks 2“ од погон е опремена со турбо дизел-мотор MTU 6V 199 TE20 V6, со моќност од 456 кс, во комбинација со автоматската трансмисија ZF 6HP 602, која има 6 брзини за движење напред и една брзина за движење назад. Десно од моторот има мал ходник, со кој се споени управувачката кабина и транспортниот оддел. Третиот, односно задниот дел, е транспортниот оддел наменет за сместување на десантното одделение од 10 војници. Стандардниот транспортен оддел е долг 3,2 m, висок 1,25 m и широк 1,5 m, а поседува волумен од 6 m³. Во него може да се превезува максимум корисен товар од 6,5 тони. Верзијата „TPz Fucks 2“ поседува повисок кров, а внатрешниот волумен на возилото од транспортен оддел изнесува 10 m³. На бочните страни од транспортниот оддел стандардно е вградено по едно мало блиндирано стакло, а под него за поголема заштита е поставен метален поклопец. На кровот од овој оддел се поставени 3 отвори (еден напред со дијаметар од 1 m и 2 квадратни отвори позади). На задниот дел од возилото се поставени две десантни врати, од кои десната врата поседува едно мало блиндирано стакло и метален заштитен поклопец за него. Задните врати се отвораат странично.



Според потребите, возилото е опремено или може да се опреми со: АБХО-заштитен систем, клима уред, лансери на димни гранати со калибар од 76 mm, комуникациски уреди HF/VHF, сателитска навигација, ИЦ или пасивна опрема за ноќно гледање, автоматски систем за противпожарна заштита, агрегат за струја и друго.

При изведување на амфибиски дејства возилото како погон користи два управливи пропелери, кои се поставени на бочните страни на крајот од возилото.

Од возилото се развиени 2 основни верзии, „TPz Fucks 1“ и посовремената верзија „TPz Fucks 2“. Но, од овие две верзии се развиени многу подверзии, како на пример: оклопен транспортер, БВП со борбена купола опремена со автоматски топ, командно возило, комуникациско возило, амбулатно возило, носач на минофрлач од 81 mm, ПВО-верзија, инжинериско и сервисно возило, противоклопно со наведувани ракети MILAN, АБХО-извидувачко возило, возило за радарско набљудување, возило за електронско војување и други.

Во светот го користат армиите на 12 држави, помеѓу кои се и НАТО државите Германија, САД, Обединетото Кралство на Британија, Турција, Холандија и Норвешка.

Ивица Дамески






**Објаснување на пресек-сликата**

1. Светло
2. Бранобран (дводелен)
3. Оклопено ветробранско стакло
4. Подвижна дводелна оклопна заштитна плоча за ветробранското стакло
5. Погон
6. Отвор на кровот за потребите на командирот на возилото
7. Отвор со решетка за мотребите на моторното одделение
8. Отвор на кровот од транспортното одделение (наменето за вградување борбена купола по потреба)
9. Антена
10. Транспортен простор, опремен со 10 склопувачки седишта
11. Отвор на кровот од транспортното одделение




**12.** Блиндирано стакло за бочно набљудување

**13.** Челичен оклоп кој штити од лесни пешадиски оружја

**14.** Метален заштитен поклопец на блиндираното стакло

**15.** Пропелер за движење на возилото при амфибиски дејства

**16.** Заштитен поклопец на ауспухот

**17.** Добош на тркалото

**18.** Пневматик 14.00xR20, со „run flat“ вметнувања

**19.** Бандаж

**20.** Оклопна врата за потребите на возачот

**21.** Спирална пружина за амортизација

**22.** Хидрауличен амортизер за амортизација

**23.** Редуктор

**24.** Волан

| Тактичко-технички карактеристики на „TPz Fucks 1“ | |
|---|---|
| **Екипаж** | 2 лица + 10 војници |
| **Должина на каросеријата** | 6.83 m |
| **Широчина** | 2.98 m |
| **Височина** | 2.3 m (до кровот) |
| **Клиренс** | 40 sm |
| **Тежина празен** | 14.4 тони |
| **Борбена тежина** | 17 тони |
| **Погон** | V-8 Mercedes-Benz OM402A, со моќност од 320 кс |
| **Максимална брзина** | 105 km/h |
| **Пловна брзина** | 10 km/h |
| **Капацитет на гориво** | 390 литри |
| **Автономија на движење** | 800 km |
| **Вертикална препрека** | 60 sm |
| **Преминување преку ров** | 1.1 m |
| **Преден наклон** | 70% |
| **Бочен наклон** | 35% |



# Авион „Boeing KC-767“

Новиот танкер на воеhistoto воздухопловство на САД (USAF), познат како „Boeing KC-767“, е транспортна варијанта развиена од модел на авионот „Boeing 767-200ER“ и служи за дополнување гориво на други воздухоплови во текот на летот. Кабината на танкерот може да се конфигурира само за превоз на патници или како комбинација за патници и за товар

Авионот „Boeing KC-767“ е опремен за извршување целосно интегрирани операции, а откако бил избран да ги замени постарите „Stratotankers KC-135E“, тој ја добил ознаката „KC-767A“. Поради значително и ненадејно зголемување на трошоците за одржување на претходната варијанта на танкер, военото воздухопловство спроведува програма за набавка и замена на околу 100 парчиња од нивните најстари „KC-135E Stratotankers“, од кои повеќето биле модернизираната варијанта „KC-135R“. На почетокот на 2002 година, военото воздухопловство започнало преговори со „Boeing“ за закуп на танкери засновани на платформата 767. Во опција бил и европскиот модел на танкер базиран на „Airbus A330“ (KC-330), но истиот бил „поскап и со повисок технички ризик“ (со образложение дека поголемиот KC-330 „не носи со себе пропорционално зголемување во однос на расположливото оптоварување со гориво за воздушно надополнување“. Во еден период Конгресот предложил солуција со која купувањето на новиот танкер во согласност со програмата „KC-X“ да се подели помеѓу двата конкуренти, „Boeing KC-767“ и „Airbus KC-330“.

**Развој**

Компанијата „Boeing“ спровела студии насочени кон идентификација на соодветен наследник на „KC-135 Stratotanker“. Финансирањето и развојот на авионот во голема мера го поднела компанијата, со цел добивање поголеми нарачки од военото воздухопловство. Проектот се водел под програмата „KC-X“ (со доделена ознака KC-46). Во текот на 2003 година, американските воздухопловни сили објавиле дека ќе изнајмат 100 танкери „KC-767“ од „Boeing“ за да го заменат најстариот модел од нивните танкери „KC-135“. Закупот би бил на шест години, почнувајќи од 2006 година. Во договорот била вклучена и опцијата за купување на авионите после завршување на закупот. За оваа одлука имало одредени критики во насока дали е воопшто исплатливо военото воздухопловство да изнајмува авиони, а нацрт-договорот за лизинг бил опишан како „фискално неодговорен“. Во текот на 2003 година бил постигнат компромис со кој воздухопловните сили ќе купат 80 авиони „KC-767“ и ќе изнајмат уште 20 воздухоплови од истиот тип. Низата скандали кои следеле во делот на изборот на платформата и цената на чинење во споредба со европскиот модел на танкер базиран на „Airbus A330“, во текот на 2006 година доведува до одлука за откажување на договорот за „KC-767A“ со воздухопловните сили од страна на Министерството за одбрана.  Во текот на септември 2009 година, Пентагон го објавил нацрт-барањето за предлог-договор за танкер од програмата „KC-X“. Изборот ќе се засновал на ценовни и неценовни фактори врз основа на збир од 373 задолжителни барања, заедно со 93 незадолжителни барања. Воздухопловните сили на САД планирале да го доделат конечниот договор во 2010 година за купување на 179 танкери, но одлуката била одложена. Компанијата „Boeing“ го добила конечниот договор за снабдување на военото воздухопловство во рамките на програмата „KC-X“, а првичните испораки требало да започнат во 2013 година.

За разлика од военото воздухопловство на САД, во текот на



2001 година Јапонија извршила избор на „KC-767“, наместо варијантата „Airbus A310 MRTT“. Потпишале договор во 2003 година и танкерот бил означен како „KC-767J“. Јапонските воздушни сили за самоодбрана (корисник на воздухопловите „Komaki Air Base“ 404-ти Tactical Airlift Tanker Squadron) од компанијата „Boeing“ нарачале четири авиони од овој модел. Во таа насока и Италија потпишала договор за авионот „KC-767“ во 2002 година со време на испорака за воздухопловите во 2005 година. Италијанските воздухопловни сили (Aeronautica Militare) нарачале четири авиони, а верзијата била именувана како „KC-767 Tanker Transport“. Сите авиони официјално стапиле во оперативна употреба во текот на 2011 година, а истите ги поддржале операциите на НАТО во Авганистан и во Либија. Италијанската агенција за набавки препорачала купување на шест танкери со цел да се обнови флотата на танкери на италијанското воено воздухопловство. Студијата наведува дека четирите танкери „KC-767A“ со кои моментално управуваат италијански воздухопловни сили (Aeronautica Militare), треба да бидат заменети со шест нови авиони „KC-767B“. Вкупната програма за стекнување и поддршка, која треба да започне во 2023 година, била проценета на 1,1 милијарди евра. Како евтина алтернатива за нациите кои не можат да купат новоизградени танкери за воздушно надополнување со гориво е варијантата „KC-767 Multi Mission Tanker Transport“, развиена од страна на израелската компанија „Israel Aerospace Industries“. Оваа варијанта е конфигурирана да одговара за потребите на клиентот, со повеќе можности, вклучувајќи товарен транспорт, ВИП-транспорт, полнење гориво од воздух и ISR.

**Карактеристики на авионот**

Структурата на „Boeing KC-767“ вклучува нови материјали како што се подобрени алуминиумски легури, графитни и хибридни графитни композити, кои даваат зголемена сила, издржливост и долговечност. Конфигурацијата на комерцијален „767“ предвиден за транспорт на гориво вклучува инсталирање дополнителни пумпи и помошни резервоари за гориво, заедно со линиите за дистрибуција на горивото под подот на главната кабина. Со ова дизајнерско решение се остава главната кабина слободна за товар, патници или комбинирано, товар и патници. Концептот овозможува истовремено полнење гориво и операции за воздушен транспорт или последователни мисии за полнење гориво со воздушен транспорт. Методот на военото воздухопловство за пренос на горивото е преку техника на полнење гориво, различна од американската морнарица, американските маринци и авионите на НАТО (Boom Air Refuelling Method наспроти „Drogue Air Refuelling Method). Во товарната конфигурација, авионот може да транспортира 19 стандардни воени палети (463L Master Pallet), а во патничка конфигурација можат да се сместат 200 патници. Во комбинирана верзија може да се превезуваат десет товарни палети и 100 патници. Авионот може да лета со максимална брзина од 915 км на час на височина до 12 километри. Неговата тежина изнесува 82.377 килограми, а максималната тежина при полетување е 179.170 килограми. Транспортниот авион „767“ има напредна дигитална инструментална табла за употреба од страна на двајца пилоти. Вграден е систем за контрола на мисијата, кој се поврзува со системот за полнење гориво, како и пакет за комуникација и навигација. Воздухопловот може да биде опремен со пакет за одбрана, односно со приемници за предупредување од радар, како и со електронски контрамерки.

Драган Павловски





# „VBTP-MR Guarani“ 6x6 - оклопно возило на тркала на бразилската армија

„VBTP-MR Guarani“ (Viatura Blindada de Transporte de Pessoal-Media de Rodas) е амфибиско оклопен транспортер на тркала 6x6 (APC), развиен од италијанската компанија за производство на возила „Iveco Defense Vehicles“, за бразилската армија. Во 2009 година, бразилската армија потпиша договор со компанијата „Iveco Defense Vehicles“ за заеднички развој на возилата „VBTP-MR Guarani“, со намера да ја замени старата флота од оклопни борбени возила „EE-11 Urutu“ и „EE 9 Cascavel“, како дел од поширокатa програма за модернизација на војската за зголемување на способностите за одвраќање на одбранбените способности на бразилските вооружени сили. Бразилската армија потпиша договор со италијанската компанија за производство на возила „Iveco Defense Vehicles“ од 3,37 милијарди американски долари во декември 2009 година за набавка на вкупно 2.044 возила „VBTP-MR Guarani APC“ помеѓу 2012 и 2030 година. Компанијата „Iveco Defense Vehicles“ доби нарачка од 118,7 милиони долари за производство и испорака на почетна серија од 86 возила VBTP-MR на бразилската армија во август 2012 година. Во 2014 година, 33. моторизиран пешадиски баталјон на армијата ги доби своите први 13 оклопни транспортери „VBTP-MR Guarani APC“. Владата на Гана во октомври 2020 година одобри заем од 86,1 милиони долари за купување на 19 оклопни возила од израелската одбранбена компанија „Elbit Land Systems“, која е главен изведувач на компанијата „Iveco“. Во јули 2021 година, „Elbit Land Systems“ потпиша договор со Гана за испорака на првата серија од 11 возила „VBTP-MR Guarani APC“ според договорот помеѓу владите на Израел и Гана. Компанијата „Elbit Land Systems“, исто така го потврди доделувањето на договорот во вредност од 46 милиони долари за снабдување на 28 возила „VBTP-MR Guarani APC“ 6x6 на армијата на Филипини во Пацификот во февруари 2021 година. Аргентинската армија потпиша писмо со намери со Бразил и „Iveco Defense Vehicles“ за воведување на 156 возила „Guarani APC“ 6x6 во јануари 2023 година.

> „VBTP-MR Guarani“ 6x6 е амфибиско оклопно борбено возило развиено од страна на компанијата „Iveco Defence Vehicles“ за бразилската армија.

Оклопниот транспортер „VBTP-MR Guarani 6x6 APC“ е дизајниран за брзи и долги мисии со високи маневарски способности за изведување на операции во урбани, амфибиски и теренски (cross-country) услови. Возилото е долго 6,91 метар, високо 2,34 метри и со вкупна ширина од 2,7 метри. Има празна тежина

од 14,5 тони и бруто-тежина на возило од 17,7 тони за амфибиски операции. Возилото може да се транспортира на различни локации по воздушен пат со транспортни авиони „C-130 Hercules“ и „KC-390“. Оклопниот транспортер „VBTP-MR Guarani 6x6 APC“ има клиренс (растојание од земјата) од 0,45 метри со растојание помеѓу оските од 1,70 м и 2 метри. Може да смести до тројца членови на екипажот и осум војници во 12,5 m³ заштитено подрачје. Возилото е опремено со купола развиена од страна на израелската компанија „Elbit“. Исто така, располага со системи за електричен погон и стабилизација, системи за контрола на огнот, позиции за нишанење и набљудување на нишанџијата и командирот и системи за поддршка во живот (life support systems), обезбедени од компанијата „Elbit“. Оклопниот транспортер доаѓа со инсталиран „TORCH-X™“ на компанијата „Elbit“, интегрирани модерни системи за управување со бојното поле (weapon-integrated battle management system) со оружје за војување во повеќе домени. Овие системи се користат за навигација, за позиционирање и за планирање мисии. Исто така, ги прикажува блиските пријателски единици. Нуди беспрекорна интеграција на сензори на платформа, ефектори и комуникациски системи, обезбедувајќи им на командирот и членовите на екипажот единствен интерфејс за интегрирана свесност за ситуацијата. Алатките за поддршка на одлуки базирани на вештачка интелигенција го намалуваат когнитивното оптоварување на командирот и членовите на екипажот. Војниците влегуваат и излегуваат од возилото преку задните врати или отворите на кровот.

Оклопниот транспортер „VBTP-MR Guarani 6x6 APC“ располага со балистичка заштита со монокок челичен труп со висока цврстина, претходно поставен за да биде опремен со фитинзи за дополнителен оклоп и заштита од мини. Оклопот на „Guarani“ обезбедува заштита од огнено оружје од мало оружје и делови од артилериски гранати. Возилото може да биде опремено со дополнителен композитен оклоп за подобрена заштита. Овој оклопен транспортер има труп во форма на буквата „V“, кој обезбедува заштита од нагазни мини. Внатрешноста е опремена со заштитна облога (spall liner). Возилото може опционално да биде опремено со систем за нуклеарна, биолошка и хемиска заштита (NBC), систем за гаснење пожар во одделот на моторот/екипажот и систем против експлозија во одделот за екипаж.

Оклопниот транспортер „VBTP-MR Guarani 6x6 APC“ може да биде вооружен со беспосадни куполи и куполи со посада кои носат оружје со калибар од 5,56 мм до 30 мм. Куполата може да се замени и со далечинска управувана вооружена станица со тежок митралез од 12,7 мм. За овој оклопен транспортер се предлагаат неколку опции на оружје. Може да биде опремен со далечински управувани митралези од 7,62 мм, 12,7 мм или автоматски фрлач на гранати од 40 мм. Се предлага и варијанта со топови од 30 милиметри и противтенковски наведувани проектили.

Оклопниот транспортер „VBTP-MR Guarani 6x6 APC“ е придвижуван од шестцилиндричен двогоривен Common rail-мотор од 8,7 литри и 380 КС со автоматски менувач и независен систем за суспензија од типот „McPherson“. Возилото користи гуми од 14,00-R20 со сопирачки од типот на диск на сите тркала. Исто така, располага со стандардни системи за сопирање,



| **Општи спецификации и карактеристики на „VBTP-MR Guarani 6×6 APC“ возилата се следниве:** | |
|---|---|
| **Земја на потекло** | Бразил |
| **Конфигурација** | 6x6 |
| **Капацитет за транспорт** | 3+8 |
| **Тежина** | 16,7 тони |
| **Должина** | 7 метри |
| **Широчина** | 2,7 метри |
| **Висина** | 2,43 метри |
| **Вооружување** | опционално |
| **Погон** | IVECO Cursor 9 шестцилиндричен дизел-мотор 383hp |
| **Автономија на опсег** | 600 km |
| **Максимална брзина на пат** | 100 km/h |
| **Амфибиска брзина** | 9 km/h |
| **Совладување на наклон** | од 60% |
| **Совладување на страничен наклон** | 30% |
| **Совладување на водени препреки** | 0,5 м |
| **Совладување на ров** | 1.2 м |
| **Совладување на водена препрека** | амфибиско |





антиблок сопирање (ABS) и централни системи за надувување на гумите (CTIS) за да се овозможи мобилност на груби терени. Оклопниот транспортер генерира моќност од 279 kW и вртежен момент од 1.500 nm. Може да постигне максимална брзина од над 90 км/ч на асфалтирани патишта и автономија на опсег од повеќе од 600 км при брзина од 70 км/ч. Возилото може да совладува наклон од повеќе од 60% и страничен наклон од повеќе од 30%. Може да совладува вертикални препреки од 0,5 метри и да премине ровови со ширина од 1,2 метри. Радиусот на вртење од тротоарот до работ на борбеното возило е 10,8 m. Амфибиската верзија на возилото од 17,7 тони има сооднос сила-тежина од 15,7 kW/t. Бразилската армија, исто така, издаде оперативни барања за голем број деривати на „VBTP-MR Guarani 6x6 APC“. Оваа нова фамилија на возила ќе вклучува командно возило, возило за техничка помош, оклопно амбулантно возило, носач на минофрлачи од 120 мм, возило за насочување на оган и верзија 8x8 за бразилските маринци.

Возилото „VBTP-MR Guarani 6x6 APC“ се произведува во Бразил со локална содржина од околу 60%. Во 2023 година, бразилскиот претседател објави дека бразилската војска ќе набави уште 156 возила „Guarani“. Аргентина, исто така, изрази интерес за добивање на 14 од овие оклопни транспортери. Во моментов „Guarani“ е најнапредното оклопно возило кое се произведува во Јужна Америка. „Guarani“ е еден од најважните воени проекти на Бразил, кој го заменува „EE-11 Urutu“, нудејќи поголема мобилност, огнена моќ и оклоп. Во моментов се планира 6 од можните варијанти да бидат во бразилски сервис. Во моментов се нарачани 1580 возила. Главните региони на кои „Iveco“ се надева дека ќе ги продаде „Guarani“ се Јужна Америка и Африка. Бидејќи „Guarani“ е релативно евтин, тие се надеваат дека ќе ги задоволат потребите на овие континенти. Овие континенти не се нови за бразилската опрема, бидејќи користеле и сè уште ги користат бразилските „EE-11 Urutu“ и „EE-9 Cascavel“. Либан беше првиот клиент за „Guarani“, купувајќи 10 ОТ „Guarani“ за либанската армија во 2015 година, кои беа испорачани во 2017 година. Останати потенцијални оператори за овие возила се Аргентина, Филипини и Гана.

Севкупно, „Guarani“ е возилото што го посакуваше бразилската армија и достоен наследник на успешниот „EE-11 Urutu“. Станува збор за модуларно возило, коешто за возило на тркала со оваа тежина е добро оклопено и може да се вооружува и повторно да се изгради во цела палета возила. Се чини дека е соодветно да се претстави во театрите во Бразил каде што се користи, а постои и одреден странски интерес за возилото. Дали ќе стане успешен како „EE-9 Cascavel“ не е познато, но тоа е важен чекор за Бразил за еден ден да ја реформира новата национална одбранбена индустрија која ќе одговара на деновите на славата на „Engesa“ (успешна повеќенаменска бразилска компанија).

Канцеларијата за контрола на извозот на германската влада (Bundesamt für Wirtschaft und Ausfuhrkontrolle – BAFA) ја блокираше продажбата на 28 оклопни транспортери „Guarani 6x6“ од бразилско производство на Филипините. Присуството на германски компоненти во возилото и овозможува на Германија да стави вето на нивниот реекспорт. „Defence Aerospace“ објави дека проектот „Guarani“ е специјално развиен од италијанската „Iveco Defense“ за бразилската армија, која поседува нејзина интелектуална сопственост и која добива авторски права за секоја извозна продажба. Произведен е од компанијата „Iveco Defense Vehicles (IDV)“ во Сете Лагоас и е продаден на филипинската армија од „Elbit “ како дел од големиот договор меѓу Владата на Филипини од една страна и Дирекцијата за меѓународна одбранбена соработка на израелското Министерство за одбрана од друга страна. Германското вето претставува одговор за одбивањето на Бразил да и обезбеди на Украина муниција од 35 милиметри што ја користи самоодното противвоздушно возило „гепард“, како што Берлин постојано бараше. IDV веќе ги произведе и официјално ги испорача првите пет возила, но тие остануваат во просториите на компанијата. Во моментов, Дирекцијата за производство (DF) на Армијата и IDV работат на развој на подобрена верзија на возилото, наречена „Guarani2.0“, која исто така ќе ги замени сите германски компоненти. Отстранувањето на несигурноста за неговата извозност е главен проблем за Бразил, бидејќи IDV веќе склучи договор за извоз со Гана, додека за понатамошна продажба се преговара и со Аргентина, Малезија и со други земји.

Идриз Идризоски



# Катана
# Самурајски меч со духот на Јапонија

На бојното поле, пред огненото оружје да стане доминантно, владееле мечевите. И, од сите мечеви низ историјата, од сабја до широк меч, може да се каже дека катаната на феудална Јапонија е убедливо најиконската. Тенкиот меч, остар како жилет, е лесно препознатлив, благодарение на популарноста на самураите, жестоки воини обвиткани во заканувачки железен оклоп, подготвени да умрат чесно на бојното поле. Нивните мечеви – катани, биле направени за брзи, прецизни убиства и станале познати како уметнички ремек-дела на смртта

Јапонскиот меч катана е еден од најпопуларните и најпознатите мечеви во светот. Карактеристичен со закривеното сечило со една острица и рачката за две раце, се покажал како инструмент во обликувањето на Јапонија. Користејќи ја катаната, воините-самураи можеле да ги одвратат нападите на Монголите. Но, зад долгата историја и легендарното потекло на катаната има долга приказна, која ќе ви ја раскажеме во овој текст.
Самиот збор „катана“ значи „закривен меч со еднострано сечило“. Првото спомнување на зборот „катана“ се случило за време на јапонскиот период Камакура (1185-1333). Тогаш, зборот се користел за да се опише долг меч со слични карактеристики како мечот „тачи“, но со неколку нијанси. Катаната, на пример, генерално имала подолго, позакривено сечило од мечот „тачи“, но исто така била и посилна и помоќна.
Историчарите веруваат дека јапонските ковачи-изработувачи на мечеви, ја измислиле катаната заради потреба од подобро оружје, за да го употребат против монголските освојувачи предводени од Кублај Кан, кои се обидувале да го освојат јапонскиот архипелаг. Јапонските самураи откриле дека сечилата на нивните „тачи“ и други мечеви се кршеле при контакт со монголскиот кожен оклоп.
Иако нема цврсти докази за тоа кој го подобрил дизајнот на самурајскиот меч, трансформирајќи го од прав меч во закривена убивачка убавина, легендата вели дека Амакуни бил ковачот кој го исковал првиот долг меч со една острица со искривување во провинцијата Јамато околу 700 година. Тој забележал дека половина од самураите се вратиле од бојното поле носејќи скршени мечеви, особено по борбата со монголските напаѓачи, што го навело да го редизајнира самурајскиот меч за да биде речиси неуништлив. Наоѓајќи ја најдобрата железна руда, ја направил катаната со кривина, што ја прави оптимална за пресекување на непријателот. Митот вели дека смртта на Амакуни не е позната, но вели дека

тој заработил бесмртност од целата крв што ја апсорбирале неговите сечила. Јапонските ковачи продолжиле да го усовршуваат дизајнот на катаната низ периодот муромачи (1337-1573). Крајниот резултат бил супериорен меч кој ги победил сите други мечеви во тоа време. Катаната била користена до крајот на 19 век како традиционално самурајско оружје. Катаната во многу аспекти е слична на кинескиот меч „Миао Тао“. Во потесна смисла, катаната е заоблен меч, со острицата нанадвор, со сечило долго од 2 до 2,5 шаку (60,6 - 75,7 сантиметри), вкупна должина со рачката е околу 85 - 105 сантиметри (обично 90 - 100 сантиметри). Ако должината на сечилото е помала од 2 шаку, тогаш тоа е краток меч „вакизаши“, а ако е повеќе од 2,5 шаку, тогаш тоа е голема катана или „тати“. Тежината изнесува од 750 до 1000 грама. Футролите за сите три вида мечеви се изработуваат од лакирано дрво. Катаната се користела првенствено како оружје за сечење, овозможувајќи и држење со две и со една рака. Најстарите школи за катана потекнуваат од 15-16 век. Основната идеја на јапонската вештина со мечот и техниките базирани на него е дека надолжната оска на мечот која за време на нападот мора да оди до целта не е под прав агол, туку по нејзината рамнина, предизвикувајќи удари со сечење. Затоа, посоодветно е да не се зборува за удари во форма, карактеристични за западните техники со меч, туку за исекотини. Затоа сечилата имаат заоблен облик. Се смета дека процесот на создавање на катаната во основа е развиен со цел да се постигнат истовремено три меѓусебно конфликтни квалитети, да не се крши, да не се витка и остро да се сече. Во современата металургија, „да не се крши и да не се витка“ се нарекува „компатибилност на цврстината и издржливоста“. Исто така, „остро да сече“ и „да не се крши“ тешко се компатибилни. Ова е реализирано со таканаречената функционално градирана структура, зашто сечилото е тврдо, а цврстината постепено се намалува до јадрото, што прави остатокот на притисок да се генерира на сечилото. Идеалната состојба е реализирана во целото сечило, па затоа катаната се нарекува „најсилната алатка за сечење на светот“. Така, кај најдобрите катани, ако се пушти еден лист хартија врз него, тој ќе биде исечен од неговата тежина. Катаната не е баш лесна ако се спореди според должината на сечилото, бидејќи нејзината рачка е подолга од другите мечеви. Сепак, меѓу мечевите за употреба со две раце, таа е еден од најлесните. Катаната првично е погодна за сечење, меѓутоа, потребно е да се лизга и да се влече при сечењето,



така што насоката на силата се додава под прав агол на предметот за сечење, бидејќи самиот меч е лесен. Самураите биле елитни членови на јапонската војска. Тие биле жестоки воини кои го следеле кодексот „Бушидо“, што значи „Пат на воинот“. Овој етички кодекс бил морален компас за самураите и се состоел од неколку вредности, вклучувајќи храброст, интегритет, лојалност, сочувство и почит. Тие биле облечени во оклоп и си поставиле цел да живеат и да умрат со чест. Се сметало дека нивното главно оружје, катаната, е продолжение на нивната душа. Катаната била толку клучен дел од животот на самураите што кога се раѓал нов воин, мечот што би го користел како заштитник бил внесуван во родилната сала да се поздрави со новороденчето. И, кога стар воин-ветеран бил на смртната постела, неговата катана била ставана покрај него за да го заштити за последен пат. Секој самурај имал катана, долг меч и вакизаши, краток меч. Комплетот се викал „даишо“ и ако на самурајот му требало нешто дополнително, воинот ќе додадел и нож „танто“. Вакизаши требало постојано да се носи, па дури и да се чува под перницата додека војникот спие, бидејќи се користел за блиска борба, при итни случаи и за ритуално самоубиство. Од друга страна, катаната била главно оружје на бојното поле.
За да се научи како соодветно да се користи самурајскиот меч била создадена цела боречка вештина наречена „кенџутсу“ (или „кендо“, нејзина модерна невоена инкарнација). Важноста на проучувањето на „кенџутсу“ била клучна за самураите, бидејќи нивната вештина во употребата на мечот била ситуација на живот или смрт. Оние кои не ја разбирале сложеноста на секое оружје се сметале за необразувани. Замислете, колку еден војник би бил бескорисен денес ако не знае како да пука со пушка во воена зона. Уметноста на борбата со меч, како и кај сите боречки вештини, имало и физичко и духовно ниво. Боречката вештина „кенџутсу“ ги научила самураите на секој аспект од војната. Поучуван од мајстор за меч, младиот самурај би научил сѐ, од тоа како ефикасно да го користи и како да манипулира со него во битката за победа. Менталниот склоп на самураите исто така бил длабоко вкоренет во зен будизмот. Во однос на владеењето со мечот, целта на зен-патот била да дозволи мислата и делувањето на воинот да бидат едно, правејќи ги нивните движења моментални. Со други зборови, самураите го измешале зен будизмот во обуката за да им овозможат да го извадат мечот без двоумење и да убиваат несвесно.
Катаната има прекрасен,





револуционерен дизајн. Изработувачите на мечеви, се соочиле со технолошка пречка во ковањето на цврст, остар меч. Сечилото на самураите морало да биде направено на начин што ќе остане остар како жилет, но сепак да може да издржи силни удари во дуел. Производството на мечот катана се состои од многу фази и може да трае до неколку месеци. Челикот од којшто се направени јапонските мечеви е направен од црн железен оксид. За да се добие челик, потребно е да се отстрани кислородот и да се воведе јаглерод во добро дефинирани пропорции. Овој процес се нарекува рафинирање. За разлика од процесите во остатокот од светот, Јапонците користат пониска температура за рафинирање на железната руда, со што се добива примарниот челик – тамахаган. Бојата и текстурата на овој челик зависи од степенот на нечистотии во рудата, и е специфичен за местото на екстракција.



Ковачот од овие парчиња железо ги избира оние што се соодветни, а потоа ги подредува според содржината на јаглерод, што може да се идентификува според бојата, текстурата и цврстината. На почетокот се додаваат парчиња различни сорти тамахаган, се мешаат со глина и се посипуваат со пепел. Ова е неопходно за да се отстрани згурата од металот, кој во процесот на топење го остава и се апсорбира од глината и пепелта. После тоа парчињата се загреваат, за да им се овозможи да се поврзат едни со други. Потоа добиениот блок се кова со чекан, се израмнува и се превиткува, а потоа се израмнува и повторно се превиткува, така што бројот на слоеви повеќекратно се удвојува. На тој начин јаглеродот рамномерно се распоредува, па и цврстината на сечилото во секој дел ќе биде иста. Понатаму, во блокот од тамахаган се додава помек челик за да не се скрши мечот при високи динамички оптоварувања. Во процесот на ковање, кој трае неколку дена, блокот се растегнува по должина и составот на лентите со различна цврстина ја создава структурата на сечилото и неговата оригинална форма. После тоа, се нанесува слој од течна глина за да се спречи прегревање и оксидација. Во својата последна фаза мечот се стврднува и се полира. Мечот се загрева до температура во зависност од металот кој се користи за ковање и брзо се лади, така што кристалната решетка на една од компонентите преминува во состојба на мартензит, а сечилото се стекнува со екстремна цврстина. По долг процес на давање на конечната форма на сечилото, следува острење и полирање, што полирачот го изведува со употреба на камења со различна гранулација, создавајќи финиш како огледало, можеби за да може непријателот да ја види својата реакција пред смртта. По полирањето и украсувањето на рачката, за што се потребни уште неколку дена, катаната е готова. Создавањето на катаната било толку важно, што шинтоистичките свештеници биле повикувани да го благословат процесот, како и да извршат духовно прочистување на ковачот. Креаторите на овие славни катани се сметале за уметници. Во златното доба на самураите, помеѓу 13 и 17 век, ковачите биле многу познати и славни и биле опкружени со митови, исто како и самураите.

Ерата на самураите завршила во 1868 година, а во следните четири децении, оклопот и мечевите на самураите биле заменети со западни униформи и оружје. Меѓутоа, за време на периодот шоуа и во Втората светска војна, јапонските мечеви повторно оживуваат. Помеѓу 1894 и 1905 година, „мурата“ станал меч што го заменил традиционалниот самурајски меч, кој потоа се трансформирал во „Кју Гунто“, земајќи го стилот на американските мечеви со свиткана рачна заштита. Меѓутоа, помеѓу 1935 и 1945 година, мечот „Шин Гунто“ станал симбол на чин во Империјалната јапонска армија. Го позајмил дизајнот на традиционалниот „тачи“ што го носеле самураите, што личи на помала катана. Во светот, сега исполнет со чад од пушки, мечевите главно се користеле како војнички ножеви. По Втората светска војна имало забрана за правење и за поседување на мечеви, се до 1953 година. До 1960 година, Друштвото за зачувување на јапонскиот меч помогнало да се вратат античките техники за создавање на челик потребен за ковање на автентични катани. Денес, лиценциран ковач мора да изработува катани на ист начин како што тоа се правело пред 1000 години. Катаната треба да биде регистрирана, но не е потребна дозвола за поседување и секој може да ја поседува (некои општини со уредба забрануваат продажба на катани на луѓе на 18 години или помлади), а носењето е предмет на ограничување со Законот за контрола на мечеви и огнено оружје. Денес катаните не се оружје, туку алатки за боречки вештини како што е „иаидо“, и пристојни уметнички предмети, а производството и поседувањето е дозволено само за такви цели. Понатаму, распределен е и бројот на мечеви што треба да ги изработува мајсторот за катани годишно, што го спречува намалувањето на квалитетот на работата со масовно производство на инфериорни мечеви. Денес овој меч е претворен во икона, меч којшто е почитуван во Јапонија и во светот како симбол на јапонската култура.

Александар Стојчевски



# „2S22 Bohdana“

Проектот „2S22 Bohdana“ е развиен од украинската компанија „Kramatorsk Heavy Duty Machine Tool Building“ и истиот е креиран за да ги замени постоечките артилериски системи во Украина со калибар 155 мм, но и да креира современа самоодна хаубица која ќе се справи со предизвиците и со трката за превласт во делот на артилеријата во светски рамки

Хаубицата „2S22 Bohdana“ се состои од моторно возило „KrAZ-6322“ 6x6 (дизел) со кабина со заштита од зрна и парчадно дејство и артилериски систем – топ со NATO стандарден калибар од 155 мм (52 калибри). Како потенцијални платформи на моторни возила се споменуваат и „MAN“ 6x6, „Tatra 817“ 8x8, „MAZ-6317“ и „Tatra 815-7“ 8x8. Хаубицата е поливалентна и мобилна и има можност за брза и ефективна огнена поддршка на маневарските единици на големи далечини, со режим на стрелба од 4 до 8 проектили во една минута. Минималниот дострел на хаубицата е 780 метри, а максималниот дострел е од 40 до 50 километри. Таа може да се транспортира по воздушен пат со транспортните авиони „A400“, „IL76“ или „C17“. Тактичката мобилност е нејзиниот главен адут. Автоматизирана, хаубицата нуди голема брзина и дијапазон на употреба и овозможува завидно време за подготовка за стрелба кое не е повеќе од 60 секунди. На себе може да понесе 20 комплетни проектили во посебно приспособени делови за чување и транспорт. Системот има 23-литарска барутна комора, што е во согласност со JBMoU (Joint ballistic memorandum of understanding). Полнењето на проектилите во цевката е полуавтоматско. Системот е опремен и со нишански направи за извршување на непосредни гаѓања во ноќни услови. Опремен е и со најсовремен систем за навигација и автоматско заземање на елементите за гаѓање, како и со балистички калкулатор кој е компатибилен со останатите НАТО системи за контрола на оган. Хаубицата овозможува да се вршат и гаѓања од типот MRSI (Multiple Round Simultaneous Impact). Тоа во суштина значи дека 4 проектили би се истрелале од едно исто орудие но со различна елевација и истите би паднале на одредената цел симултано, со што би се постигнал изненадувачки ефект врз непријателот и би се избегнала можноста после првиот проектил непријателот да ги промени своите позиции. Кон ова појаснување треба да се земе предвид и различното време на лет на проектилите со различна елевација.
Хаубицата за првпат е презентирана во 2018 година во Киев на одбележувањето на Денот на независноста на 24 Август. По извршените тестови со реализирани боеви гаѓања на разни далечини и со разновидна муниција, хаубицата во јануари 2023 година влегува во сериско производство и до крајот на годинава треба да се произведат и да се испорачаат првите парчиња.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „2S22 Bohdana“ | |
|---|---|
| **Калибар на цевката** | 155 mm |
| **Дострел** | 40 km (со проектил HE/AP-high-explosive armor-piercing)<br>50 km (со преоктил RAP-rocket-assisted projectile) |
| **Тежина** | 28000 kg |
| **Минимален дострел при непосредно гаѓање** | 780 m |
| **Послуга** | 3-5 |
| **Режим на стрелба** | 4-8 проектили за една минута |
| **Радиус на движење** | 1200 km |
| **Совладува стрмнини** | 40 % |
| **Совладува бочен нагиб** | до 30 % |
| **Погон на тркала** | 6x6 со централен систем за пумпање на пневматиците |
| **Брзина на движење на добри патишта** | до 90 km/h |
| **Брзина на движење на земјени патишта – теренски услови** | до 50 km/h |
| **м/в** | KrAZ, дизел со 420 hp (к/с) |



# „Kawasaki Ki-45"

Конвенционалното и конзервативно размислување за концептот на ловец најчесто подразбирало воздухоплов со висока брзина, голема агилност, како и високо ниво на маневрирачки способности. За таа цел, во Втората светска војна, изградбата и дизајнот за концептот на ловец бил исклучиво базиран врз принципите на лесна конструкција со што е можно подобра аеродинамика, моќен но лесен мотор и разурнувачко вооружување

Со развојот на новите модерни воени доктрини за време на Втората светска војна, како германскиот „Blitzkrieg" високите воени воздухоловни кадри, размислувале и за воздухоплов кој ќе одговори на потребите за поддршка на копнените сили, но задржувајќи ги карактеристиките и улогата на ловец. Со други зборови, се родил концептот на „тежок ловец". Тешкиот ловец се карактеризирал со дизајн и изградба од многу поиздржлива воздушна конструкција која била придвижувана најчесто од два мотороти и која имала способност за вградување на потешка комбинација на вооружување. Како совршен пример за тежок ловец е германскиот воздухоплов „Messerschmitt Bf-110". Иако Германија била официјално пионер во употребата на концептот на тежок ловец, Јапонското воено воздухопловство набргу ги достигнало, па и ги престигнало популарните трендови за изградба и употреба на овој тип на воздухоплов. Следејќи го примерот на „Messerschmitt Bf-110", Јапонија го произвела „Kawasaki Ki-45". Овој воздухоплов бил главниот носител на речиси сите оперативни улоги во рамките на Јапонското воено воздухопловство. Според многу воздухопловни експерти овој воздухоплов бил достоен, ако не и подобар од германскиот „Messerschmitt Bf-110".

Дизајн

„Kawasaki Ki-45" бил дизајниран како тежок ловец наменет за посада од двајца пилоти. Тој бил именуван, односно имал прекар „Toryu" што во превод значи „змеј-убиец", додека официјалната армиска ознака била „тип 2 ловец-двосед". Од другата страна, сојузниците, пак, го именувале „Nick". Иако почетните замисли за дизајнот на авионот биле амбициозни, со очекување дека неговите карактеристики на летање ќе бидат достојни или слични на класичен едномоторен ловец, авионот сепак не можел да ги задоволи бараните карактеристике за класичен ловец. Но, баш поради тоа, тој добил поинаква намена низ која покажал разорна моќ и доминантно присуство во согласност со неговите перформанси. Тој бил употребуван како ловец-придружник за оперативни дејства на големи далечини. Како таков, тој одлично се приспособил на улогата на пресретнувач и разурнувач на непријателските бомбардери кои биле се почести при крајот на војната. Авионот имал способност да извршува



исти одлични оперативни дејства во ноќни временски услови како и во денски. Имено, јапонското воено раководство било импреисонирано од германскиот концепсиски дизајн на авионот „Messerschmitt Bf-110“, по што во 1937 година издало насоки за изградба на јапонски воздухоплов со слични или подобри карактеристики. Овие насоки биле исклучително доделени на компанијата „Kawasaki Shipbuilding“. Првиот прототип на авионот го забележал својот прв лет во месец јануари 1939 година. За време на демонстративнот лет, делегацијата од јапонското воено раководство не била импресионирана. Тоа се должело на дизајнот и карактеристиките на двата мотори „Ha-20 Otsu“. Нивниот дизајн создавал премногу воздушен отпор, што предизвикувал често губење на контрола на авионот. Исто така, тие не биле доволно моќни за намената на авионот. Но, покрај евидентирање на проблемите околу моторот, дизајнерскиот тим на „Kawasaki“ одлучил да вгради два од веќе докажаниот мотор „Nakajima Ha-25“, истиот мотор кој го придвижувал одличниот и легендарен „Mitsubishi A6M Zero“. Покрај солидните демонстративни летови со новите мотори, дизајнерскиот тим не прекинал со натамошен развој. Во месец октомври 1940 година „Kawasaki Ki-45“ добил уште една современа модификација во пределот на придвижната моќ. Тоа биле два нови мотори, „Mitsubishi Ha-102“ кои имале способност да развијат над 1050 коњски сили одделно. Како таков, во февруари 1942 година, авинот бил официјално адаптиран во Јапонската армија. Дизајнот на воздухопловот бил едноставен и естески лесно допадлив. Покрај убавите линии, воздухоплвот бил одлична платформа за разни комбинации на вооружување. Првиот тип на комбинација на вооружување бил составен од два митралези со калибар од 12,7 милиметри лоцирани во носниот дел од воздушната конструкција, еден топ со калибар од 20 милиметри лоциран непосредно под пилотската кабина во предниот-централен дел од воздушната конструкција и еден митралез со калибар од 7,92 милиметри во задниот дел од пилотската кабина. Овој тип бил именуван „Ko“. По него, дизјанерскиот тип развил и тип кој бил именуван „Otsu“. Комбинацијата на вооружување била иста со претходникот, само топот со калибар од 20 милиметри бил заменет со топ со калибар од 37 милиметри. Всушност, овој бил противтенковски „type 94“, наменет специјално против масовните американски бомбардери „B-17“. „Otsu“ имал неверојатно разурнувачка моќ, каде што ја уништувал целта со само еден директен погодок на кој било дел од воздушната конструкција на непријателскиот воздухоплов. Меѓутоа, слабост на овој тип на комбинација на вооружување било рачното полнење на топот, што всушност ја ограничувал ударната моќ на авионот на само два проектила во борбен лет. Наредниот тип на комбинација на вооружување бил именуван „Hei“. Тој имал комбинација од еден топ со калибар од 20 милиметри, лоциран непосредно под пилотската кабина во предниот-централен дел од воздушната конструкција и еден автоматски топ со калибар од 37 милиметри лоцирана во носниот дел од воздушната конструкција. Последниот тип на комбинација на вооружување бил именуван „Tei“. Овој тип имал комбинација на вооружување од еден топ со калибар од 37 милиметри, лоциран во носниот дел од воздушната конструкција, како и два топа „Ho-5“ со калибар од 20 милиметри лоцирани позади пилотската кабина насочени под агол од 45 степени во нагорна насока. Оваа конфигурација била германски изум кој се нарекувал „Schräge Musik“. Имено, секој од типовите имал различна намена. Комбинацијата на вооружување од топови со калибар од 20 милиметри и топ со калибар од 37 милиметри била ефективно употребувана против цели на земја, односно против бродски оперативни активности. Исто така, оваа комбинација била екстремно ефикасна против најсовремените американски бомбардери од типот „B-29“. Во доцните фази од Втората светска војна, авионот бил исто така употребуван во улога на одбрана на Јапонската морнарица, односно одбрана на јапонските воени бродови. За оваа улога тој бил и претворен и употребуван во камиказа напади. Несомено било дека најголемата слабост на воздухопловот била воздушни битки со класични и конвенционални едномоторни



ловци. Но, затоа, воздухопловот бил неприкосновен во противбомбардерската пресретнувачка улога, како и против бродските оперативни активности. Ограничените ресурси на Јапонија придонеле кон релативно малата бројка на производство која изнесувала околу 1690 авиони.

**Варијанти**
Во иницијалните фази од Втората светска војна, „ Kawasaki Ki-45 “ бил најчесто успешно употребуван како придружник на поголеми јапонски бомбардери, особено врз борбените дејства над кинеското тло. Но, откако бил дополнително развиен, авионот добил и повеќе варијанти кои значително го зголемиле спектарот на улоги.

**„Kawasaki Ki-45-Ko“**
Оваа варијанта била исклучително употребувана во оперативните дејства кои подразбирале придружба на бомбардери. Вооружувањето на авионот, составено од еден топ „Ho-3“ со калибар од 20 милиметри, лоциран под пилотската кабина на централната воздушна конструкција, двата митралези „Ho-103“ со калибар од 12,7 милиметри лоцирани во носниот дел од воздушната конструкција и еден подвижен митралез со калибар од 7,92 милиметри во задниот дел од пилотската кабина, биле совршени за улогата.

**„Kawasaki Ki-45-Otsu“**
Оваа варијанта претходела на варијантата со најразурнувачка моќ. Топот со калибар од 20 милиметри, лоциран под пилотската кабина на централната воздушна конструкција, бил заменет со противтенковски топ „type 94“ со калибар од 37 милиметри.

**„Kawasaki Ki-45-Hei“**
Оваа варијанта била исклучително употребувана против поморски цели и била најразурнувачката варијанта. Авионот бил модифициран со автоматски современ топ „Ho-203“ со калибар од 37 милиметри лоциран во носниот дел од воздушната конструкција, додека топот со калибар од 20 милиметри бил повторно вграден под пилотската кабина на централната воздушна конструкција.

**„Kawasaki Ki-45-Tei“**
Оваа варијанта била способна и интензивно употребувана во улогата на тежок ноќен ловец. Вооружувањето од еден топ со калибар од 37 милиметри лоциран во носниот дел од воздушната конструкција, како и два топа „Ho-5“ со калибар од 20 милиметри лоцирани позади пилотската кабина, насочени под агол од 45 степени во нагорна насока, биле смртоносни за американските тешки бомбардери „B-17“ и „B-29“.

Димитар Даневски



# Меморандум за соработка со „Google Cloud“

Лабораторијата за одбранбена наука и технологија (Dstl) од Велика Британија потпиша Меморандум за соработка со „Google Cloud“ на 14 јуни 2023 година. Со овој меморандум ѝ се овозможува на Велика Британија да ги користи најновите технологии и да ги прошири своите синџири за снабдување со информации. Исто така, на овој начин Велика Британија добива можност да се забрза и усвојувањето на критичкото разузнавање на вештачката интелигенција во одбранбениот сектор на Велика Британија. Веста ја објави Пол Линколн, вториот парламентарен секретар на Министерството за одбрана на Велика Британија на Самитот за вештачка интелигенција за време на Лондонската технолошка недела (настан кој ги спојува технологистите и бизнис-професионалците за да ги истражат апликациите за ВИ). Соработката се фокусира на пет клучни области:

**1.** Забрзување на усвојувањето на технологијата со овозможување „Dstl“ да ги користи технологиите на вештачката интелигенција, процесите и луѓето на „Google Cloud“, за да научат како компанијата ќе им доставува решенија на своите крајни корисници.

**2.** Проширување на синџирот на снабдување со отворање пристап и поддршка на ангажманот помеѓу, „Dstl“ и Google Cloud Market-place, вклучувајќи го и поширокиот партнерски екосистем на „Google Cloud“.

**3.** Поддршка на обуката со можности за учење и развој, предводени од „Гугл“, кои се приспособени на одбранбениот домен.

**4.** Зголемувањето на трансферот на технологијата преку овозможување на „Dstl“ да има корист од технологијата на „Google Cloud“ низ цивилната апликација и други индустрии за да истражува каде алатките развиени за други цели можат да помогнат во решавањето на одбранбените предизвици на Велика Британија.

**5.** Споделување на нови начини на работа и докажани пристапи за создавање на светска истражувачка средина, вклучувајќи алатки, инфраструктура итн.

„GlobalData“, водечка компанија за податоци и анализи, проценува дека вкупниот пазар на вештачката интелигенција ќе вреди 908,7 милиони американски долари во 2030 година. Глобалниот специјализиран пазар на апликации ќе биде вреден 477,6 милиони американски долари во 2030 година, од 31,1 милијарда долари кои се потрошени во 2022 година. Технологијата на вештачката интелигенција би можела да ги направи воените операции поефикасни, точни и моќни, истовремено нудејќи долгорочен потенцијал за намалување на трошоците.

Иднината на војната ќе биде зависна од помошта од вештачката интелигенција, каде човекот и машината ќе работат заедно. Како една од најтрансформативните и најсеприсутните нови технологии, вештачката интелигенција има огромен потенцијал да ги трансформира општествата.

м-р Зорица Стојкова



# „F-16“ за Украина

Од самиот почеток на руската агресија, Украина е снабдувана со западни вооружени системи кои се од пресудно значење за украинската одбрана. Такви вооружени системи се: противтенковските ракетни фрлачи како „FGM-148 Javelin“ и „NLAW“, преносните системи за ПВО како „FIM-120“ и „Starstreak“, повеќецевните ракетни фрлачи „HIMARS“ и „M270“, неколку батерии „Patriot“ (ПВО систем) и уште многу други оклопни возила, тенкови, дронови и прецизни муниции. Меѓутоа, борбени авиони од западно потекло сè уште не летале над Украина од почетокот на војната. Всушност, во првите месеци од војната, дури и најголемите поддржувачи на Украина – САД се двоумеа и одбиваа испраќање на борбени авиони „F-16“ поради страв од можно ескалирање на војната. Сепак, во месеците кои следуваа, претседателот Бајден сигнализираше дека САД ќе им дозволи на сојузниците да ѝ испратат „F-16“ на Украина, откако украинските пилоти ќе ја поминат соодветната обука. Во август 2023 година, Холандија и Данска добија зелено светло да ги донираат своите „F-16“ борбени авиони на Украина, но првата борбена употреба на авионите се очекува да почне многу подоцна, односно во 2024 година, и тоа во средината или кон крајот на годината. Одолговлекувањето на испораките на „F-16“ за Украина највероjатно се должи на внатрешни дебати во Пентагон околу тоа дали вреди да се испратат авиони „F-16“, односно колкав ќе биде нивниот ефект врз воената ситуација и дали ќе можат да бидат ефикасно искористени. На пример, првата пречка што треба да се помине е целосно совладување на авионот од страна на украинските пилоти кои досега летале на авиони со многу поразлични конфигурации. Проблемот е во времето, односно украинските пилоти ќе мора да научат да летаат и да извршуваат борбени дејства со авионот за многу пократко време од вообичаеното кое им е потребно на американските пилоти за целосно совладување на авионот. Друга пречка, која е исто толку важна, е одржувањето на авионот. Имено, потребни се најмалку 10 специјалисти за авиони кои ќе мора да работат во многу тешки услови. Исто така, за полетување и слетување потребни се и авионски писти кои ќе бидат најмалку 300 метри долги и добро одржани, но тоа ќе биде тешко да се исполни, бидејќи моментот кога „F-16“ ќе пристигнат во Украина, тогаш авионските писти ќе бидат помеѓу најтаргетираните цели на руските ракети. На крај, самите „F-16“ кои ќе ги добие Украина, ќе бидат од постарите варијанти кои ги немаат напредните радари и електроника кои се користат на најновите варијанти и поради тоа можеби и нема да имаат предност против најмодерните руски борбени авиони и најмодерните руски системи за ПВО. Овие неколку факти се главните причини за тоа што Украина сè уште нема добиено западни борбени авиони. Покрај целиот песимизам околу испораката на „F-16“, односно нивниот потенцијал да направи разлика на борбеното поле, треба да се разгледаат и предностите кои ќе ги добие украинската војска. Најпрво, дури и најстарата варијанта на „F-16“ е подобра од сите авиони кои Украина моментално ги поседува. Потоа, „F-16“ е најпроизведуван борбен авион во историјата, што значи дека нема да има проблем за резервни делови. Трето, вооружувањето на „F-16“ не е ограничено само на американски ракети и бомби, односно квалитетот и квантитетот на муницијата ќе бидат значително големи. Четврто, „F-16“ е повеќенаменски борбен авион кој може да изведува напади и против воздушни цели и против копнени цели, а има и способности за електронско војување што не треба да се занемари. И, петтата предност која ја нуди „F-16“ е истоштување на руските авиони. Имено, доволно е „F-16“ само да биде присутен и да лета за да ги примора руските авиони постојано да летаат и да ги ловат украинските авиони, а тоа значи дека руските авиони ќе го губат својот работен век бидејќи секој авион има одреден број на часови за летање пред да биде целосно исфрлен од употреба, а за да се зголеми работниот век на авионите, потребни се ресурси и постојано одржување. Колкав ќе биде ефектот на „F-16“ врз текот на војната останува да видиме, но несомнено е дека овој борбен авион ќе биде уште еден проблем за руската војска и за руската воена авијација, а дека тоа е така покажуваат и реакциите, односно предупредувањата на руските власти за ескалација доколку дојде до испорака на „F-16“ во Украина.

Александар Мирчески

# Свечено одбележан 18 Август – Денот на Армијата



Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ), на општинско и на централно ниво, активно се вклучи во одбележувањето на 18 август – Денот на Армијата, со непосредно учество на над 100 резервни офицери и подофицери. На општинско ниво поголемиот број општински организациони единици (ООЕ) на ОРОРСМ, одржаа свечени седници на Извршните одбори во проширен состав со учество на поширокото членство, претставници на локалната самоуправа и други органи од областа на одбраната, безбедноста и заштитата, здруженија на граѓани и други институции со кои соработува ОРОРСМ. Значајно е, да се напомене дека на локално ниво делегација на ООЕ на ОРОРСМ од Кичево со свои претставници учествуваше во свеченото одбележување на Денот на Армијата организирано од командата на Четвртиот пешадиски баталјон во Кичево во касарната „Чеде Филиповски-Даме“. Претставниците од Општинската организациона единица на Кичево беа предводени од претставникот во Собранието на ОРОРСМ од Кичево и член на Извршниот одбор, Драгољуб Столески. По повод 31 година од формирањето на Армијата од страна на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата беше организирана свечена централна прослава, која се одржа на воениот стадион во Скопје, на која покрај највисокиот државен врв, претставници на амбасадите и други гости, присуствуваше четиричлена делегација од ОРОРСМ во состав: претседател д-р Гоце Георгиев, потпретседателите Љупчо Вуксанов и Зоран Кироски и генералниот секретар Никица Бангиева.Делегацијата на ОРОРСМ пред почетокот на централната прослава во знак на почит учествуваше во полагањето на свежо цвеќе на партизанските гробишта во Бутел и на вечните почивалишта на: генерал Михаило Апостолски и претседателите и врховни команданти на Армијата, Киро Глигоров и Борис Трајковски.

# Негување на традициите



Негувањето на слободарските традиции и одбележувањето на значајните настани и личности од подалечното и поблиско минато, претставуваат приоритетна програмска содржина во годишните програми за едукација и обука на ООЕ на ОРОРСМ. На 23 август, ИО на ООЕ на ОРОРСМ Тетово, со дел од членството реализира марш на релација: Попова Шапка – Горна Лешница – Долна Лешница – с. Бозовце – Тетово, во должина од 34 км. На 30 август по повод одбележување на 79 години од ослободувањето на Виница делегација на ООЕ на ОРОРСМ од Виница положи свежо цвеќе пред спомен-обележјето на народниот херој Кирил Михајловски – Груица. На 30 август, делегација на ОРОРСМ и делегација на ООЕ на ОРОРСМ од Тетово присуствуваше на свечениот настан по повод одбележувањето на 27 Август – Денот на третиот механизиран пешадиски баталјон. На 1 септември, по повод 79-годишнината од ослободувањето на Демир Хисар, делегација на ООЕ на ОРОРСМ од Демир Хисар учествуваше на манифестациите организирани од градоначалникот на Општината и положи цвеќе на споменикот на НОБ и спомен-паркот на незнајниот јунак. На 7 септември, по повод 32-годишнината од независноста, делегација на ОРОРСМ, присуствуваше на приемот организиран од претседателот на Собранието. На 7 септември Пехчево го одбележа денот на ослободувањето и по тој повод делегација на ООЕ на ОРОРСМ Берово-Пехчево положи свежо цвеќе пред споменикот на Ванчо Китанов на градскиот плоштад во Пехчево. На 7 септември, во Делчево се одбележаа 79 години од ослободувањето. По тој повод делегација на ООЕ на ОРОРСМ Делчево, положи свежо цвеќе пред Споменикот на паднатите борци во НОВ. На 8 септември по повод Денот на независноста, делегација на ООЕ на ОРОРСМ Берово-Пехчево, положи свежо цвеќе на Спомен-костурницата во Берово. На 11 септември, во Кичево се одбележа 80-годишнината од ослободувањето на Кичево. По тој повод делегација на ООЕ на ОРОРСМ од Кичево положи свежо цвеќе пред спомен-костурницата на Китино Кале.

# Меморијален марш „Д-р Тони Петрески“

На 15 септември, во чест на прерано починатиот д-р Тони Петрески, активист и поддржувач на ОРОРСМ се организира првиот меморијален марш кој ќе биде традиционален и ќе се организира секоја година на Љуботен во



средината на јули, а по повод неговото учество на маршот на Љуботен 2021 година, организиран од ООЕ на ОРОРСМ од Тетово. Маршот го организираа и реализираа ОРОРСМ и ООЕ на ОРОРСМ од Тетово со учество на 30-тина резервни офицери и подофицерин, кој поради временските услови не се реализира на Љуботен туку на релација село Беловиште - село Вратница и обратно. На маршот учествуваа и претставници на ООЕ на ОРОРСМ од Прилеп и неговото семејство, сопругата и двата сина. Пред учесниците се обратија и говор за животот и делото на д-р Тони Петрески одржаа, претседателот на ООЕ на ОРОРСМ од Тетово, м-р Радослав Коруноски, претставникот во Собранието на ОРОРСМ од Тетово и потпретседател на ОРОРСМ , Зоран Кироски и претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев. Во своите говори тие најпрво се заблагодарија на учесниците на маршот кои со своето присуство ја искажаа својата почит кон д-р Тони Петрески и истакнаа дека изгубивме голем подржувач и долгогодишен член на ОРОРСМ кој дал голем придонес во развојот и унапредувањето на Организацијата. Во име на семејството пред присутните се обрати постариот син Михаил, кој изрази голема благодарност до Организацијата и учесниците на маршот за сето она што го прават во чест на неговиот покоен татко, кој неизмерно ја сакал Организацијата на резервни офицери.




# Сто години од аероклубот во Скопје (2)

На 16 септември, на аеродромот Стенковец крај Скопје, беше организиран грандиозен аероден на кој можеа да се видат виртуозните вештини на домашни и странски воздухопловци. Но, патот до овие достигнувања на аероклубот во Скопје, имаа свој историски развој

Растежот на аероклубот во Скопје се развивал со несопирлив прогрес. Во 1937 г. клубот купил и еден француски авион од типот „Кодрон Ц.510“, кој имал вкупно четири седишта во целосно затворена кабина. Со него, не само скопјаните, туку и населението и еснафот од целиот македонски простор можеле да летаат на панорамски летови или на посакуваната дестинација. Во авионот кој најчесто го управувал професорот и резервен пилот Вилковски, покрај пилотот, можеле да летаат уште тројца патници. Со таквата авионска придобивка, еснафските газди патувале од град до град, а се постигнала и широка популаризација на аероклубот. Тоа, од своја страна, поттикнало и огромен интерес за членување во него.

Во истиот временски период, аероклубот во Скопје добил и единствен сопствен објект – работилница во која можеле да се собираат клупските членови и да изработуваат аеропландски модели и планери за летање. Објектот бил лоциран во центарот на градот Скопје, зад познатиот објект на Народна банка. Ориентацијата на влезот била во насока на кејот на реката Вардар, така што бил впечатлив за минувачите. Активностите се одвивале под непосредно раководство на веќе искусниот градител и пилот на планери Љубомир Тевчев, со сесрдна поддршка на поголем број постари членови. Сите биле максимално посветени на изработката и на летањето на т.н. аеропландски модели, како и на летачките планери-лизгачи, подоцна именувани како воздухопловни едрилици. Нивната изработка и летањето со нив било огромен предизвик за помладата популација, но во исто време и мошне напорно. Работилницата била во центарот на градот, а местото на летање било во месноста Зајчев Рид.

За реализација на летањето, членовите, уште рано наутро го товареле планерот на приколка, во размонтирана состојба, а потоа членовите ја влечеле приколката до подножјето на Зајчев Рид. Потоа, расклопениот планер, на раце, го носеле до височинките на ридот, го склопувале и со него летале, или подобро кажано, скокале во воздух. А, после завршеното летање, по истиот редослед, планерот бил враќан назад во работилницата. И така и следниот ден и деновите потоа. Посебна радост за членовите била кога некој од еснафите или сограѓаниниte ќе им ставел на располагање запрежна кола за пренос и враќање на планерот. За летање, планерите биле повлекувани со гумено јаже кое било повлекувано од две групи членови, а повлечениот планер скокнувал во воздух. Принципот

на повлекување бил сличен на функционирањето на некогашните „чатали“ (прачки).
Првите летови на овие планери во текот на 1936 г., биле со просечно времетраење од 13 секунди, за следната година да биде 38 секунди, а потоа времето на летање продолжило да се зголемува во минути и часови. Се зголемувало просечното време на летањето, но се зголемувал и бројот на изработени планери-едрилици. Се развивала и технологијата на повлекување на планерите во воздух со т.н. автовитло. Со нив, со помош на челична сајла која се намотувала на ротациона макара, се повлекувал закачениот планер и се кревал во воздух, сè додека пилотот не ја откачел сајлата. Во тој период за „кревање“ на планерите во воздух се користеле и малиот број аероплани. Со нив, во т.н. аерозапрега, се влечела едрилицата до соодветна височина, а од таму, едрилицата продолжува да лета под команда и со умешност на пилотот. Небото над аеродромот на Зајчев Рид се претворало во своевиден авијатичарски акварел од аеропландски модели, воздухопловни едрилици и аероплани. Сите тие активности го зголемувало и интересот на населението, поради што речиси секоја година се одржувале јавни предавања, аеромитинзи и аероденови, презентирани под симболот на аероклубот. Но, на нив, најчесто земале учество и армиските авијациски структури со свои кадри и аероплани. Поради широката палета на летачки активности и манифестации, во текот на 1937 година е изграден првиот хангар со придружни објекти каде што можеле да се сместат и да се поправаат леталата, како и алати и соодветните летачки реквизити.
Во 1940 г., кога на европскиот простор се појавил татнежот на оружјето и воени судири, врвот на Кралството Југославија, покрај сите останати забрани, одобрил одржување на голем аеромитинг на аеродромот на Зајчев Рид во Скопје. Неколку дена пред настанот, целиот град Скопје бил свечено украсен. Посебен амбиент создавала свечено украсената бина и трибините, кои за оваа пригода биле изградени на самиот аеродром. Значењето на оваа манифестација било потенцирано со присуството на претседателот на кралската влада, голем број министри, воени генерали, црковни великодостојници, градоначалници, еснафи и други важни гости. Централен настан на овој аеромитинг било црковното и воено крштевање на дванаесет едрилици-планери, изградени и летани во скопскиот аероклуб. Покрај тоа, на аеромитингот биле прикажани голем број на воени и цивилни аероплани од различни типови, категории и големини, летови со изложените







планери-едрилици, падобрански скокови и аеропландски модели. Непосредните аероклупски учесници на овој аероспектакл, добиле посебни лични признанија. Завршетокот на овој грандиозен аеромитинг бил обележан со прва и единствена воена вежба во тогашната и подоцнежната држава, изведена со воздухопловни едрилици. Со нив бил успешно изведен активен воздушен бесшумен задниински напад на запоседнатата непријателска територија. Величествениот воздухопловен ден бил заокружен со свечена вечера за гостите, која била организирана на покана и со пригоден говор на тогашниот скопски градоначалник, Јосиф Михајловиќ-Југуковски. Вечерата се одржала во големата свечена сала на блескаво осветлениот Офицерски дом – Скопје. За жал, историјата говори дека грандиозноста на овој скопски аероклупски настан го заокружува неговиот предвоен растеж. Но, не само на аероклубот во Скопје. Започнуваат поширокие европски воени судири, а на 6 април 1941 г. била нападната и нашата територија. Започнала Втората светска војна, во која Кралската југословенска војска многу брзо се покорила пред фашистите. Со тоа бил неминовен и распадот на целокупната организациона поставеност, активностите и егзистенцијата на Кралскиот југословенски аероклуб „Нашите крила“. Со фашистичкиот воен режим и администрирање, во општо создаден робовски амбиент, аероклупските членови биле доведени до состојба на беспаќе. Сакале да ги сочуваат клупските достигнувања и активности, но биле условувани со разни пристапници и слично. Периодот на ваквото наметнато окупаторско администрирање тогаш, под бугарско раководење, било сосем неприфатливо за аероклупските членови. Поради тоа, тие започнале молчеливо, но таинствено и со илегални операции, да го напуштаат клубот кој го граделе со години наназад.

Ѓорги Чачкиров



# Тенковски музеј „PAROLA“

Сместен на 110 километри северно од Хелсинки во малото населено место Парола во непосредна близина на Финската оклопна бригада за обука се наоѓа мошне интересен и богат музеј посветен на оклопни борбени возила. Музејот е наречен „PAROLA“ според местото каде што се наоѓа и има цел зачувување на наследството и на историјата на оклопните единици на финската одбранбени сили

Музејската колекција на експонати е во постојан пораст. На самиот почетокот во јуни 1961 година кога музејот за прв пат беше отворен за јавноста броел само 19 тенкови и 12 противтенковски орудија. Денес колекцијата брои над 70 оклопни возила и тенкови, како и 40 противтенковски орудија. Покрај колекцијата на големите експонати во музејот постои и богата збирка на униформи, обележја, делови од опрема итн. Бројот на посетители на годишно ниво изнесува повеќе од 30 000 годишно. Колекцијата содржи интересна збирка на различни видови на оклопни возила, тенкови, како и противоклопни орудија од различни производители и од различни земји на потекло. Најстариот експонат во музејската збирка на тенковскиот музеј „PAROLA“ датира од 1917 година, а најновиот е тенкот „Leopard 2A4“ и оклопното возило „Patria“.

Временскиот период кој го покрива музејот е нешто повеќе од сто години, а опремата која е изложена е користена од финските одбранбени сили. Изложбениот простор во музејот е составен од четири тврди објекти, два хангари од отворен тип и отворен дел. Главната изложбена хала ја раскажува прикажаната за периодот пред Втората светска војна и самата Втора светска војна. Покрај возилата, во овој дел се изложени и ситни делови од опрема, униформа, ознаки и друго. Еден од истакнатите елементи во оваа изложена хала е витрината со колекција на противоклопните пушки користени од страна на финските одбранбени сили. Во овој дел на музејот се изложени тенковите „Renault FT 17“, „Vickers-Carden-loyd“, „T-26“, советските оклопни возила „BA-20M“ и „BA-10“ кои се во возна состојба и се единствените останати примероци. Исто така се изложени и „T-34/85“, „T-34/76“, германскиот „StuG III Ausf. G“, шведскиот противавионски систем „Landsverk Anti II“, што е еден од севкупно шест преостанати. Во отворениот дел - просторот помеѓу главната изложбена хала и изложбената хала број два,

се изложени британското лесно оклопно возило „Humber Pig“ и „Daimler Ferret“, кои иако не биле дел од вооружувањето на оклопните единици на финската одбранбени сили, биле дел од нивното вооружување за време на нивните учества во мировни мисии надвор од државата. До нив е изложен и советскиот „ZSU-57-2“ и инжинериската варијанта на тенкот „T-55“. Изложбената хала број два на посетителите низ бројни експонати им го опишува периодот од Студената војна па се до денес. Првото возило на кое наидувате во овој дел е руското борбено возило на пешадијата „BMP-1“, по него следува германскиот тенк „Leopard 2A4“ и рускиот „T-72M1“. Во продолжение на халата поставени се и два пресеци на тенкови, и тоа лесниот тенк „PT-76“ и „T-55“. Колекцијата на оклопни возила во оваа хала е составена од „Patria AMV“, норвешкиот „Sisu“, како и прототип на финското оклопно возило „Walmet 1912“, кое уште е во возна состојба и е единствен примерок останат во цел свет. Во оваа хала има значителна изложбена колекција на радиоуреди користени во оклопни возила. Во просторот помеѓу изложбената хала број два и првиот надворешен хангар се поставени две куполи кои се користени како експериментални примероци на кои е тестирана пробивната моќност на одредени противоклопни орудија. Бараката со мотори и делови која е поставена во овој простор е посветена на персоналот задолжен за одржување на оклопните возила, како и на моторите кои ги придвижуваат овие возила. Надворешната поставка започнува со посета на долниот хангар. Овие хангари се изградени во 2017/2018 година, со цел заштита на експонатите од надворешни влијанија. Во долниот хангар се изложени карактеристични возила како модел



на „T-26“ со фрлач на пламен, руски „T-60“, еден од ретките останати примероци на „T-50“ и „KV-1“ во кој може и да се влезе и да се разгледа. Неколку примероци на „T-34“, „JSU-152“, еден примерок од „BT-42“ од севкупно осумнаесет произведени. Последно возило на кое наидувате во овој хангар е американскиот „M4 Sherman“. Во меѓупросторот помеѓу двата хангари е поставена противоклопна позиција со поставен „Pak 40“ 75 мм. Истото е надополнето со простории за сместување на послуга за опслужување на противоклопниот топ. Прошетката во вториот хангар започнува со британскиот „Comet I (A34)“, „T-72“, „PATRIA 6x6“, „БТР-60“ и „БТР-80“. Целокупната прошетка во музејот завршува со посета на двете оклопни локомотиви и вагони кои се во мошне комплетна и добра состојба. Пред противтенковската хала е поставен примерок на „MT-LB“ во кој посетителите може да влезат и да разгледаат. Самата противтенковска хала ја опишува целокупната еволуција на финската противоклопна одбрана. Експонатите варираат од обични молотови коктели па се до развиени противоклопни проектили и системи. Оваа хала и колекција е збогатена со симулатор за противоклопен топ, кој посетителите може да го испробаат и делумно да го доживеат чувството на операторите на овој топ. Музејот работи секоја ден ,со исклучок кога се национални празници. Работното време е од 10.00 часот па се до 16.00 часот. Посетителите последниот билет може да го купат еден час пред затворањето на музејот. Просечното потребно време за разгледување на музејот изнесува два часа. Цените на влезниците се различни и зависат од старосната група, така што за деца изнесуваат 5 €, за возрасни 10 €, за пензионери и студенти 8 €, додека за воени ветерани, активни воени лица во служба на финските одбранбени сили влезот е бесплатен. Во склоп на музејот има и кафе бар и продавница за сувенири. Со оглед дека музејот е сместен во пошумен дел на градот, посетата на музејот во зимскиот период е идилична и уникатна.

Златко Блажески





# Пред мене се големи можности

Стефан Здравевски е првиот питомец од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ кој доби можност да студира на „Вест поинт“ – најпрестижната воена академија во САД и во светот. Во овој број на „Штит“ ви пренесуваме дел од неговите импресии и размислување поврзани со исклучителната можност да го заокружи своето воено образование токму на „Вест поинт“

Мисијата на Воената академија на САД во „Вест поинт“ е да го едуцира, тренира и инспирира корпусот на питомци, така што секој дипломиран студент е високо подготвен воен лидер посветен на професијата и татковината, со високо изградени етички вредности. Одбраните земји од страна на U.S. State Department и U.S. Department of Defense, добиваат покани да испратат свој питомец на школување на најпрестижната Воена академија во светот – „West Point“. Јас ја имав таа среќа во мојата прва година од школувањето на нашата Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“, Р.С.Македонија прв пат да добие покана да испрати максимум тројца свои питомци кои ќе успеат да ги поминат условите на конкурсот. На конкурсот кој беше јавно објавен и огласен во дневните весници и на веб-страницата на нашата академија на 6.12.2021 година, поттикнат од своите професори, се пријавив заедно со уште шестмина мои колеги-питомци од прва година. Набргу по пријавувањето ни беше извршено тестирање по математика и англиски јазик. Резултатите официјално ги добивме на 16.12.2021 и само јас ги имав потребните бодови за да продолжам понатаму, односно да пристапам кон совладувањето на условите поставени според конкурсот од Воената академија „West Point“. Напоредно со редовните испити кои ги поминав со најголем успех, морав да ги подготвувам и бараните испити за упис на „West Point“. Додека моите колеги по завршувањето на семестарот заслужено заминаа на зимски одмор, јас продолжив уште поинтензивно со учење на англискиот јазик за полагање на TOEFEL тестот, кој успешно го поминав кон крајот на јануари, а по две недели и ACT тестот. Морам да го споменам и да му се заблагодарам на менторот на нашата класа, мајор Љупчо Шошоловски, кој ме следеше низ тој процес. По успешното полагање на овие два испита во Скопје, на Армискиот стадион полагав пред претставници на армискиот корпус на САД и физичка подготвеност, на кој исто така успешно поминав. По овие испити имав два пати разговори со претставници од Американската амбасада во просториите на МО во Скопје, кои ми дадоа препорака за упис на Воената академија „Вест поинт“. Како завршен испит беше лекарскиот преглед извршен во ВА во Скопје. После овој период немав никаква информација до каде е целата работа, сè до 11.4.2022 г. кога ми беше јавено дека сум примен на Воената академија „West Point“ (во академската година 2022/2023 беа примени вкупно 16 странски студенти, од кои само 4 од Европа). Веста прва им ја кажав на моите цимери. И јас уште не бев свесен што се случува, а во нашата соба се најдоа сите питомци од мојата класа, но и постари питомци за да ми честитаат. Први ми честитаа и моите претпоставени, поручник Бојан Миклош и професорите. Сакам да им се заблагодарам на сите мои професори, кои без исклучок ме охрабруваа и ме водеа при целата постапка, посебно деканот, полковник проф. д-р Митко Богдановски и продеканот, полковник проф. д-р Елениор Николов кој наоѓаше време да ме советува и да ме подучува.



Во целиот овој период СЧР при МО на Р.С.Македонија ме следеше, ме поддржуваше и ми даваше соодветни инструкции, за што искрено им благодарам. Оваа соработка уште повеќе се интензивира откако бев примен во USMA и за краток период успеав да ги завршам сите административни подготовки за моето заминување во САД. Денес сме во постојан контакт и секогаш ми ја даваат потребната поддршка по најразлични прашања.
Во САД пристигнав на 22.6.2022 година, а веќе на 27.6. имавме т.н. Ден на пријавување или „R-day (Reception day)", каде на сите пријавени питомци без исклучок им беше доделена потребната опрема, бевме истрижени, ни беа распоредени просториите за сместување и на сите питомци им беа покажани основните војнички чекори од постарите питомци. Крајот на денот го завршивме со свечена војничка парада на платото пред Академијата. Веќе наредниот ден заминавме на интензивна шестнеделна војничка обука, каде што учевме и извршувавме најразлични задачи, изучувајќи ги војничките вештини на извидувањето, гаѓањето, поставување на комуникациски уреди, издржливост, качување и спуштање по карпи, евакуација на повредени. Тука го имав и првото искуство и со бојните гасови. На последниот ден како дипломирање на обуката, со целокупна опрема, со засилен марш поминавме 12 милји и се вративме во Академијата, каде што свечено бевме пречекани од деканот и од командантот на целиот комплекс, пред кои, единица по единица маршираме, а напред го носевме логото на нашата 2026 класа **„For Country we commit" – „За татковината се обврзуваме"**, логото со кое во потполност се сложувам. По неколку дена повторно имавме свечена војничка парада на платото пред Академијата, но сега т.н. Ден на прием, односно ,,A-day" (Acceptance day ) на питомците, за оние коишто успеја да ја поминат воената обука.
Во Академијата постарите питомци се одговорни за помладите, односно секој нов питомец добива свој лидер-ментор којшто го воведува во начинот на работата и во обичаите на Академијата но, исто така, е должен да му помага на младиот питомец и во академскиот дел. Треба да истакнам дека посебно внимание се посветува на спортот. Застапени се сите дисциплини и спортови , така што секој студент може да се приклучи кон одреден спорт или екипа и да учествува во натпреварите помеѓу универзитетите. Се разбира, најпопуларен е т.н. американски фудбал, на чии натпревари сите питомци се должни да присуствуваат и да ја бодрат екипата. Најинтересни се дуелите помеѓу армијата и морнарицата. Интересно е да се истакне дека пред секој натпревар има свечано дефиле, со прелет на хеликоптерите на Академијата, со падобрански скокови итн. Академскиот дел е многу интензивен, со многу учење и обврски, практично секоја минута е сместена во распоред , според кој сите строго се придржуваме, и студентите и професорите. Условите за работа, учење и обука се одлични и се одвиваат во многубројните високоспецијализирани кабинети. Програмата ги балансира физичките науки и инженерството со социјалните и општествените науки, со цел секој студент да размислува креативно и да изразува свои идеи и прашања. Од самиот почеток одлично се вклопив во тој систем и како резултат на моите залагања во првата година, сите академски курсеви, односно предмети, ги поминав со највисоки оценки, преставувајќи ја Р.С. Македонија, Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" и себеси на најдобар можен начин.
Сега веќе во втора година ги одбираме катедрите, односно смеровите на понатамошното школување. Јас ја одбрав катедрата Воени инструкции - одбрана и стратегиски студии и катедрата за француски јазик, односно одбрав т.н. студии „double major" . Првата катедра, преку интердисциплинарни насоки е фокусирана на разбирање на конфликтот, војната, безбедноста и одбраната, со нагласување на широк спектар на методолошки пристапи од областите на воената наука, политичките науки, меѓународните односи, економијата, историјата, антропологијата и социологијата за рамка и анализа на национални и меѓународни безбедносни прашања. Пешадијата ми е од најголем интерес и со помош на овој смер сметам дека ќе поседувам знаење со кое полесно ќе се интегрирам во АРСМ, така што најдобро ќе ѝ служам на татковината. Единствено само оваа катедра, Department Military Instruction (MI) – West Point опфаќа изучување на воената доктрина. Изучувањето на воената доктрина претставува мој прв и основен интерес. Оваа насока не е никаде на друго место во САД понудена (ниту во останатите воени академии или останатите универзитети). Преку вториот смер на катердата по француски јазик ќе имам можност да усовршам уште еден светски јазик, кој ќе ми помогне во понатамошната кариера. Во наредниот период ќе продолжам со уште поголем елан да ги извршувам своите обврски и да покажеме дека и ние можеме да се носиме рамо до рамо со нашите партнери.

Стефан Здравевски






# Антон (Тоне) Краљ

# Словенечки сликар на бунтот против тоталитаризмот

Антон (Тоне) Краљ е роден на 23 август 1900 година како петто од шесте деца во фармерско семејство во кое преживеале само четири деца. Својата креативност ја наследил од својот татко, кој правел распетија и статуи како самоук резбар.
Од 1906 до 1912 година учел во шестокласното народно училиште во Видмо. Андреј Орехек, капелан од Добрепол, рано го забележал неговиот талент и го поддржал купувајќи му редовно материјали за уметничко творење. Во 1912 година се запишува во гимназијата во Шентвид над Љубљана. Неговиот професор по цртање бил сликарот и свештеник Гашпер Порента, кој заедно со неговиот постар брат Франц го запознал со светот на уметноста и му ја ставил на располагање својата канцеларија. Антон (Тоне) Краљ го прекинал своето образование во 1917 година, кога бил испратен на фронтот покрај реката Пиавија, каде што го чекал падот на австроунгарската монархија. По војната го продолжил образованието и дипломирал во 1920 година. Истата година учествува на изложба во павилјонот „Јакопич“ во Љубљана и заминал да студира во Прага по препорака на Рихард Јакопич. До 1923 година студирал скулптура на Академијата за ликовни уметности во Прага кај професорот и режисер Јан Штурса. Антон (Тоне) Краљ престојувал во староградската област на Прага со Божидар Јакец и под негово влијание се заинтересирал за уметничката графика. Веќе за време на студиите изложувал во Љубљана, а во 1922 година објавувал свои илустрации во списанието „Trije labodje“ Неговиот најважен ментор останал неговиот брат Франц, кој во раните 1920-ти години го воведува во водечките авангардни уметнички кругови во Словенија, обединети во Клубот на млади дизајнери-уметници. Подоцна бил и активен член на Словенечкото уметничко друштво (основано во 1926 г.).
По враќањето од главниот град на Чешка, тој се преселил во Љубљана и во 1924 година изградил куќа на улицата Гербичева, во која денес е сместена фондацијата „Тоне Краља“. Антон (Тоне) Краљ се оженил со својата колешка, уметничка за керамика, Мара Џерај. Во 1926 година на иницијатива на Тајната христијанско-социјалистичка

организација почнал да ја слика црквата „Св. Ленарт“ во Волче во Толминско. Оттогаш, четириесет години со прекини се враќа во Приморска и сликал повеќе од четириесет цркви. Во периодот од 1926 до 1930 година, Антон (Тоне) Краљ учествувал три пати по ред на Биеналето во Венеција и се здобива со посебно право да учествува без жири.
Во 1932 година, тогашниот нов италијански закон го спречува да изложува на Биеналето се до 1954 година кога учествува по четврти пат. Во 1934 година, заедно со сопругата Мара престојуваат во Виена каде што имаат успешни изложби во Хагенбунд или Künstlerbund Hagen. Во 1936/1937 година заминува во Париз на половина година, каде што критичарите позитивно реагираа на неговите дела. Со почетокот на Втората светска војната бил принуден да се повлече во безбедноста на италијанските градови поради несигурност и прогонство , каде во 1939 година се запишува на Архитектонскиот колеџ во Венеција, а оттаму во 1940 г. заминал да студира архитектура во Рим.
За време на војната, Антон (Тоне) Краљ се занимава со својата уметничка дејност како гласник на бунтот против сите истовремени тоталитаризми - фашизмот, нацизмот



и сталинизмот. По завршувањето на војната се вратил кај семејството во Љубљана. По Втората светска војна се посветил главно на графика и илустрација на книги. Во педесеттите и шеесеттите години продолжува со црковното сликарство. Во 1948 година бил претседател на Друштвото на словенечките ликовни уметници . Се пензионирал во 1966 година. Страдањето и стравот се централните чувства на творештвото на Краљ, особено во библиските теми, кои истовремено се расплетуваат во филозофска или историска констелација. Светската болка и песимизмот од експресионистичкиот период може да се разберат во контекст на историските перипетии кои беа фатални за Словенците во однос на поголемите народи. Јазот помеѓу незадоволителната историска сегашност и подобрата иднина е очигледен во поединечните прикази. За време на повоената реконструкција, создава неколку слики кои можат да се стават во рамките на естетиката на социјалреализмот. Во 1950-тите и 1960-тите години Антон Краљ останува доследен на своите веќе поставени уметнички принципи и не потпаѓа под влијание на сè попопуларните апстрактни и концептуални тенденции, кои во поголема мера биле усвоени од помладата генерација словенечки уметници. Во последните години од животот често престојувал во Костањевица на Крка. Починал на 9 септември 1975 година во Љубљана.



м-р Трајче Чатмов

# „Бес“




Филмот „Бес“ во режија на Дејвид Аер претставува своевиден епски воен спектакл кој се базира на вистинита воена приказна. За автентичноста на прикажаната во филмот придонесуваат и оригиналните артефакти кои се користени во текот на снимањето на филмот, како на пример користењето на вистинскиот германски тенк „Тигар“ од времето на Втората светска војна кој, всушност, во овој филм и прв пат бил користен за потребите на седмата уметност.
Дејствието во филмот се случува во Германија во периодот на изведувањето на завршните воени операции преземени од сојузниците на територијата на Германија кон крајот на Втората светска војна, поточно во април 1945 година. Фашистичката германска војска е на крајот на силите, со претрпени огромни загуби но, сепак, сѐ уште се наидува на единици кои се спротивставуваат и даваат отпор. Дејствието на филмот го следи движењето на една сојузничка тенковска чета, поточно на тенкот „Бес“ и неговата посада, која има задача да го расчистува теренот и да влезе во срцето на фашистичка Германија, односно во Берлин. Движењето на тенкот се одвива во текот на едно деноноќие и за тоа време се случуваат неколку битки на патот, влегување и ослободување на едно село, но и внатрешни превирања и перипетии на главните протагонисти кои се наоѓаат во самиот тенк. Филмот изобилува со хиперреалистични сцени на убивање и страдање на војниците од двете завојувани страни.
Главниот протагонист во филмот е наредникот Дон Кулиер, кој маестрално го толкува Бред Пит. Наредникот Кулиер е прекален воин, тенкист, кој од дното на душата ги мрази нацистите, посебно припадниците на СС-дивизијата, што се гледа од сцената кога го убива единствено СС-офицерот од сите германски војници кои се предаваат во селото и кои на крајот од војната се регрутирани од младината и се речиси деца. Наредникот Дон Кулиер управува со тенкот „Шерман“, кој го именуваат со името „Бес“ (Fury), со петчлена посада, односно покрај него, во тенкот се и релативно неискусните војници: топџиите Бојд Свон и Грејди Травис и помошникот-возач Норман Елисон, кој е најнеискусен. Тенковската чета има задача  да се пробие со тенковите преку непријателските позиции и да стигнат во средишниот дел на Германија, односно да влезат во Берлин. Дејствието во филмот се случува во текот на 24 часа, од утро до следното утро. За ова време се случуваат повеќе немили настани и акции и тимот на Купер прави неверојатни напори да ги совлада сите пречки и да ја оствари целта на мисијата.Тие се движат со тенкот, гаѓајќи и убивајќи ги фашистите кои останале на теренот да ги бранат позициите во провинциските делови на Германија. Влегуваат во германските села и го расчистуваат теренот за сојузничката војска која се движи кон Берлин.
Иако речиси сѐ оди според планот, и наредникот Дон Кулиер и неговата посада успеваат да се справат со сите пречки кои константно им се појавуваат на патот, во еден момент се наоѓаат во ситуација да мораат да се спротивстават






на тристотини германски војници и со германските тенкови „тигар“ и остануваат заглавени во тенкот. Речиси целиот филм е фокусиран на тенковските битки и акции. Исклучително се реалистични сцените на битките помеѓу германските тенкови „Тигар“ и сојузничките тенкови „Шерман“. Мотото во филмот е „Убиј за да не бидеш убиен“. Сцените снимани во внатрешноста на тенкот се толку добро прикажани, што се има чувство како и самите да сте дел од тешкиот задушливив воздух и од топлината и атмосферата која владее помеѓу членовите на посадата на тенкот. Последните секвенци од филмот изобилуваат со клаустофобични сцени во кои се прикажува тесната внатрешност на тенкот и на војниците заглавени во тенкот, изложени на постојани рафали и гранати, свесни дека кога тенкот не може да се движи и е опколен со непријателски војници, тоа значи сигурна смрт за членовите на посадата. Токму во овие сцени е и најголемата уметничка вредност на филмот. Апокалипсата и ужасот на војната се прикажани на еден хиперреалистичен начин. Се создава едно чувство на немоќ и бес поради неможноста да се придвижи тенкот.
Тенкот како моќно оружје на Втората светска војна навидум е неуништив и претставува една масивна непробојна челична тврдина, но само до моментот додека не се покаже дека тој, всушност, е и еден голем масив од челик кој може да се разнесе и да се срамни со земјата.
Филмот „Бес“ изобилува со сцени во кои се прикажува насилството врз луѓето и од двете страни. Во војната е правило дека страдаат и едните и другите, војната како процес секогаш е сурова и неправедна.
Од членовите на посадата на тенкот „Бес“ преживува единствено Норман, кој тајно излегува од долниот дел на тенкот и се крие вкопан во земјата под тенкот. Откако германските војници ќе заминат, тој се враќа во внатрешноста на тенкот каде се неговите убиени соборци, а наредникот Кулер самиот си пресудил за да не го заробат Германците. Норман, кој беше најранливиот и најнеискусниот во екипата, го спасуваат сојузничките единици кои се движат кон Берлин, нарекувајќи го воен херој.
За филмот „Бес“ мора да се забележи дека покрај добрата режија и глума на главните актери, фотографијата е елементот кој значително придонесува за уметничката вредност на филмот.
Како што беше и претходно споменато, гледачот има чувство дека заедно со војниците гази по калливите полиња на Германија, го дише задушливиот воздух во внатрешноста на тенкот и се плаши од снајперистите скриени по селските куќи.
Филмот „Бес“ е снимен за релативно кратко време, за 12 недели на теренот и полињата крај Оксфордши, во близина на аеродромот Бовингдон. Но, мора да се нагласи дека режисето Аер и неговиот тим, пред да започнат со снимањето на филмот правеле опсежни истражувања во врска со најразлични аспекти за потребите на филмот, за видовите тенкови, видовите муниција, оружје, автентични униформи и слично. Биле ангажирани и тројца воени советници и четворица воени ветерани од Оклопната дивизија која учествувала во Втората светска војна. Филмот „Бес“ е филм од посовремената воена кинематографија кој заслужува да се гледа и кој има што да им понуди на љубителите на воениот филмски жанр.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Дејвид Аер

**Улоги:** Бред Пит, Логан Лерман, Шаја Лабаф, Мајкл Пења, Џон Бернтал, Џејсон Ајзакс и Скот Иствуд.

**Жанр:** Военоисториска драма

**Сценарио:** Дејвид Аер

**Продуцент:** Бил Блок, Џон Лешер, Алекс От, Итан Смит и Дејвид Аер

**Музика:** Стивен Прајс

**Година:** 2014

**Јазик:** Англиски

**Земја:** САД

**Времетраење:** 135 минути

**Буџет:** 68 милиони долари

**Заработка:** 118 милиони долари



# Природните уб

Богомила, Согле, Теово, Оморани, се само дел од местата во општина Чашка, места кои граничат со неколку општини – Велес, Прилеп, Долнени и до кои се стигнува по убав асфалтен пат, без оглед дали ќе тргнете да патувате од Велес или од Прилеп. Патувајќи од Скопје кон овие населени места поминувате 30 километри од Велес, а од Прилеп преку повеќе населени места од општината Долнени околу 80 километри. И од едниот и од другиот крај, кога се патува со автомобил, патот е добар и за речиси час и половина се пристигнува во убавиот предел Азот, кој го краси убава и недопрена природа. За да стигнеш до крајната дестинација, до селото Оморани, патот води низ неколку места. Најпрво низ Богомила, место кое се спомнува уште од 1337 година и потекнува од името Богомил, односно село што му припаѓа на Богомил. Богомила е во источниот дел од Чашка, од каде што извира реката Бабуна. Богомила е на 510 метри надморска височина. Од едната страна, од север, е заградено со планината Јакупица, на запад е Даутица и на југ Бабуна. Место со убава природа, чист воздух, во кое можат да се видат Богомилскиот манастир и спомен-куќата на Петар Поп Арсов, но може и да се остане покрај реката Бабуна и да се ужива.

Патот продолжува покрај с. Согле, рамничарско место со повеќе маала и со многубројни бунари за вода, потоа во близина на железничката пруга, па покрај Теово со изворот Бела Чешма, со интересни имиња на делови од селото според родовите кои живееле тука. Теово е сместено на еден од краците на патот „Виа игнација“. На крајот од патувањето е с. Оморани, во средното сливно подрачје на реката Бабуна, на југоисток на областа Азот. Сместено е како на планинска тераса, а долу е реката Бабуна. Село со бројни извори на вода, не многу населено, со викендици и со природа што плени на секој чекор. Реката тече и жубори, но се слуша и цвркутењето на птиците. Токму и заради тоа во непосредна близина е изграден и рибникот Оморани, кој ги мами посетителите да дојдат и да уживаат во убаво средениот дел со езерца, цвеќиња и во вкусната риба.

Убавина за очи, полна душа. Релаксација како од бајките. Што повеќе да посака човек. Кога ќе се вратите дома од прошетката ќе бидете задоволни од убаво поминатиот ден во Азот, во срцето на Македонија.

Текст: Каролина Мицевска
Фото: Зоран Василески



# бавини на Азот













